ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА - СКОПЈЕ
NP HIGIJENA KOMUNALE - SHKUP

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndermarrja publike Higjiena komunale - Shkup
Скопје, Република Македонија
Shkup, Republika Maqedonise
Број / numer 03-1385
Дата / data 13-03-2019

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОМУНАЛНА ХИГИЕНА - Скопје**

# *ИЗВЕШТАЈ*

## За работењето на ЈП Комунална хигиена – Скопје за период I –XII/2018 година

**МАРТ/ 2019**

ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА - СКОПЈЕ
NP HIGIJENA KOMUNALE - SHKUP

Врз основа на член 19 т.5 од Законот за јавни претпријатија- 38/96, 9/97, 6/02,40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10,6/12 119/13, 41/14, 138/14,25/15,61/15,39/16 и 64/18, Правилник за водење сметководство 159/09;164/10 и 107/11, Правилникот за сметководствени политики на ЈП Комунална хигиена (2012) како и Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот 107/11, како и Правилникот за сметковниот план и содржината на одделните сметки во сметковниот план 174/11 - Управниот одбор на Претпријатието на својата редовна 20-та седница одржана на ден 12.03.2019 год. ја донесе следната:

Јавно претпријатие Комунална хи...
Ndërmarrja publike Higjiena kom...
Скопје, Република Ма...
Shkup, Republika Maq...
Број / numer 02 - 136
Дата / data 12 -03

# ОДЛУКА

**За усвојување на Годишен Извештај за работењето на ЈП Комунална хигиена – Скопје за период од 01.01-31.12.2018 година.**

Член 1

Се усвојува Годишен Извештај за работењето на Јавното претпријатие Комунална хигиена – Скопје за период од 01.01-31.12.2018 год.

Член 2

Се задолжува Директорот на Претпријатието, согласно член 23-а, став 1 и 2 од Законот за јавни претпријатија да го достави Годишниот Извештај за работењето на Јавното претпријатие Комунална хигиена – Скопје за период од 01.01-31.12.2018 година до Советот на Град Скопје за давање согласност по истиот.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила по добивање на согласност од основачот на Претпријатието.

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател**

**Маја Шајновска Андова**

ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА - СКОПЈЕ
NP HIGIJENA KOMUNALE - SHKUP

# С О Д Р Ж И Н А


| | | Стр. |
| --- | --- | --- |
| | ВОВЕД | 3 |
| 1. | ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА РАБОТА | 6 |
| **1.1.** | **СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД** | 7 |
| 1.1.1. | БРОЈ ВИД И ДИНАМИКА НА ОДЛАГАЊЕ НА САДОВИТЕ ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД | 7 |
| 1.1.2. | СОБРАН И ТРАНСПОРТИРАН КОМУНАЛЕН ОТПАД | 9 |
| **1.1.3.** | СОБРАН И ТРАНСПОРТИРАН КОМУНАЛЕН ОТПАД ПО ВИДОВИ САДОВИ | 11 |
| 1.1.4. | СОБРАН И ТРАНСПОРТИРАН КОМУНАЛЕН ОТПАД ОД РУРАЛНИ СРЕДИНИ | 12 |
| 1.1.5. | СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД И ТРНАСФЕР ЦЕНТРИ | 13 |
| **1.2.** | **ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНАТА НА ЈАВНИТЕ СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ** | 16 |
| **1.3.** | **ДОПОЛНИТЕЛНИ ДЕЈНОСТИ** | 18 |
| **1.4.** | **ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ** | 20 |
| | ВОНРЕДНИ АКТИВНОСТИ | 23 |
| **2.** | **МЕХАНООПРЕМЕНОСТ** | 24 |
| **3.** | **ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | 31 |
| 3.1. | БРОЈ И КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ | 31 |
| 3.2. | ИСКОРИСТЕНОСТ НА РАБОТНО ВРЕМЕ | 33 |
| 3.3. | ИСПЛАТЕНИ НЕТО ПЛАТИ | 35 |
| **4.** | **ОСТВАРЕНИ ДЕЛОВНИ РЕЗУЛТАТИ** | 37 |
| **4.1.** | **ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА (БИЛАНС НА УСПЕХ)** | 42 |
| I | ПРИХОДИ | 43 |
| II | РАСХОДИ | 51 |
| **4.2.** | **ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА)** | 63 |
| **А** | **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА-АКТИВА** | 63 |
| **Б** | **ГЛАВНИНА,РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (ПАСИВА)** | 68 |
| **5.** | **ИВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ** | 70 |
| **6.** | **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ** | 71 |
| **7.** | **ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА** | 71 |
| **8.** | **ОСТВАРЕН ФИЗИЧКИ ОБЕМ ИЗРАЗЕН ПРЕКУ ПОВРШИНИ- М$^2$ И БР.НА КОРИСНИЦИ** | 73 |
| **9.** | **НАПЛАТА НА УСЛУГИТЕ** | 77 |
| **9.1.** | **НАПЛАТА НА ПОБАРУВАЊАТА-ФИЗИЧКИ ЛИЦА** | 79 |
| **9.2.** | **НАПЛАТА НА ПОБАРУВАЊАТА – ПРАВНИ ЛИЦА** | 84 |
| **10.** | **ИДЕН РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО** | 85 |

# ВОВЕД

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

**ОПШТИ ПОДАТОЦИ**

Назив на субјектот: **ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА – Скопје**
Седиште на субјектот**:** **ул. 516 бр.10**
ЕДБ на субјектот: **МК 4030992102919**
Идентификационен број: **4528972**

**Основање / правна форма**

Јавното претпријатие ЈП Комунална хигиена –Скопје е организирано со Одлука за поделба на ЈКП Комуналец – Скопје број 02-8800/7 од 08.10.1992 година и е запишано во судски регистар кај Окружниот Стопански суд во Скопје со Решение СРЕГ бр.16602/92 од 29.12.1992 година.
Јавното претпријатие Комунална хигиена – Скопје се усогласи со Законот за јавни претпријатија согласно Законот за трговски друштва (Сл.весник на РМ бр. 28/04; измени и дополнувања во 84/05, 71/06, 84/05, 25/07, 87/08) при што е упишано во Трговскиот регистар на регистарскиот суд од 03.10.2001 год. со Трег.бр.1470/2001.

Основач и сопственик на Јавното претпријатие е Град Скопје со седиште на Бул. Илинден бр.82 .

Од Март 2012 год. Претпријатието успешно ги воведе и имплементира барањата на Стандардот ISO 9001 за што доби и Сертификат, кој успешно го одржува до денес.

Во текот на 2018 год. ЈП Комунална хигиена продолжи со активностите за имплементирање на барањата на ISO 14001:2015.

Ова само ја потврдува стратешката определба на претпријатието и менаџерскиот тим за постојано унапредување и подобрување на работењето и задоволувањето на барањата на корисниците и законските прописи.

**ДЕЈНОСТ**

Јавното претпријатие Комунална хигиена-Скопје врши дејност согласно Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпадот,Закон за јавна чистота и Националната класификација на дејности со следните називи на дејност:

Шифра на дејноста на ЈП Комунална хигиена е:

**38.11 – Собирање на безопасен отпад;**

**ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ**

ЈП Комунална хигиена–Скопје се организира на начин со кој се обезбезбедува оптимално вршење на дејноста за која е основано.

Според Правилникот за внатрешна организација, Претпријатието е организирано како следи:

А. Кабинет на директорот
Б. Служба внатрешна ревизија
В. Служба за јавни набавки
Г. Служба за внатрешна контрола
Д. Служба ЕКО Патрола

**1.Сектор Комунална хигиена**
- ОпЕ Јавна комунална хигиена
- ОпЕ Индивидуална комунална хигиена
- Опе Индустриски неопасен отпад
- ОпЕ Селекција на отпад и трансфер центри
- Служба за третман на фекални води
- Служба за третман на животни скитници
- Служба за собирање и транспорт на ком.отпад од рурални средини
- Дежурна служба

**2.Сектор Механизација**
- ОпЕ Одржување
- ОпЕ Експлоатација
- Служба за техничка подготовка
- Служба Дијагностика

**3.Сектор за финансиски прашања**
- Служба за финансии
- Служба за сметководство
- Служба за реализација за јавни набавки и магацинско работење
- Служба за премер и наплата

**4.Сектор за правни,кадрови и општи работи**
- Служба за правни работи
- Служба за кадрови работи
- Служба за општи работи

**5.Сектор за квалитет и планирање**
- Служба за квалитет
- Служба за централно планирање и анализа

**6.Сектор за информатичка технологија и развој**
- Служба за информатичка технологија
- Служба за развој

**ПЛАТЕН ПРОМЕТ**

Платниот промет Јавното претпријатие го извршува преку повеќе банки со следните жиро сметки и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| Денарска сметка | 300000000398027 | Комерцијална банка Скопје |
| Денарска сметка | 200000098823689 | Стопанска банка Скопје |
| Денарска сметка | 210045289720181 | Тутунска банка Скопје |
| Денарска сметка | 370011100075815 | Еуростандард банка Скопје |
| Денарска сметка | 370016010042282 | Еуростандард банка-Поштенска |
| Денарска сметка | 530010101070538 | Охридска банка Скопје |
| Денарска сметка | 320100021627121 | Централна кооперативна банка Скопје |
| Денарска сметка | 250027000111131 | Шпаркасе банка Скопје |
| Денарска сметка | 290000013363741 | ТТК банка Скопје |
| Денарска сметка | 270045289720188 | ХАЛК банка Скопје |
| Денарска сметка | 380177115405177 | Прокредит Банка Скопје |
| Девизна сметка | 073007010006927<br>41-027010006927 | Комерцијална банка АД-Скопје |

Средствата за работење на Јавното претпријатие Комунална хигиена – Скопје во најголем дел се обезбедуваат од цената што корисниците ја плаќаат за извршената услуга ( собирање и транспортирање на комунален отпад) од физички лица –домаќинства и правни лица –стопански и нестопански субјекти.

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Органи на управување на ЈП Комунална хигиена – Скопје се:

- **Управен одбор** составен од 12 члена, со мандат од 4 години, кои ги именува и разрешува Советот на Град Скопје.

**За членови на Управен одбор се назначени**:

1. Маја Андова - претседател
2. Мирза Драгуловчанин
3. Шкури Муртезани
4. Благој Зашов
5. Виолета Трпчевска
6. Нико Николовски
7. Жаклина Стаменковска
8. Кенан Рамадани

9. Музафер Харуни
10. Славе Кралевски
11. Абдула Тачи
12. Емил Крстески

- **Надзорен одбор** за контрола на материјално-финансиското работење составен од 5 члена , со мандат од 4 години, исто така избрани и назначени од Советот на Град Скопје.

**За членови на Надзорен одбор се назначени:**

1. Игор Трајковски - претседател
2. Славица Крстевска
3. Душан Мијатовиќ
4. Стевица Георгиевски
5. Бесим Рамадани

- **Директор, со мандат од 4 години, кого го именува и разрешува Градоначалникот на Град Скопје.**

ЈП Комунална хигиена во правниот промет со трети лица има неограничени овластувања и целосна одговорност, а како овластено лице за застапување е назначен Абдусамед Шабани - Директор.

## 1. ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА РАБОТА

ЈП Комунална хигиена врши дејност од јавен интерес и како Претпријатие формирано од страна на Градот е јавен сервис за одржување на комуналната хигиена на подрачјето на Град Скопје. Претпријатието учествува во постапувањето со комуналниот отпад на подрачјето на Град Скопје и во поголемиот дел од руралните средини кои се составен дел на скопските Општини.Постапувањето со комуналниот отпад (собирање, транспортирање) е составен дел на интегрираното управување со отпадот во Градот.

Својата дејност од јавен интерес Претпријатието ја извршува согласно Годишната програма за постапување со отпадот на ниво на Град Скопје која по предлог на Градоначалникот ја усвојува/донесува Советот на Градот.

Дејноста на Претпријатието е поделена на основна која е составена од два сегмента, како и дополнителни дејности и вонредни активности и тоа:

**I. Основна дејност:**

- Собирање и транспортирање на комунален отпад и селектирање и третирање на секундарна суровина;
- Одржување на јавната чистота на јавните сообраќајни површини;

**II. Дополнителни дејности**

- Чистење на септички јами;
- Подигнување на згазени и умрени животни и заловување и третман на кучиња – скитници во стационар
- Постапување со напуштен отпад (диви депонии)

**III. Други оперативни активности**

- Еко – патрола и дежурен телефон;
- Еколошка едукација

**IV. Вонредни активности**

## 1.1 СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД

### 1.1.1 Број и видови на садови за времено одлагање на комуналениот отпад

За функционално собирање и транспортирање на комуналниот отпад, подрачјето на Градот опфатено со ГУП е поделено на 71 блок.

Вкупниот број на поставени наменски садови – контејнери во Градот и во руралните подрачја во 2018 година изнесуваше:

| | |
|---|---|
| **1.Контејнери од 1.100 литри** | **4.361** |
| - поставени во урбани средини | 4.218 |
| - поставени во рурални средини | 143 |
| | |
| **2. Пластични канти од 120 литри/собирни места *** | **84.620** |
| - поставени пластични канти од 120 литри во урбани средини | 64.839 |
| - поставени пластични канти од 120 литри во рурални средини | 17.381 |
| - импровизирани садови/неповратна амбалажа во рурални средини | 2.400 |
| | |
| **3. Контејнери за комунален и друг вид неопасен отпад од** | 396 |
| **правни лица** | 701 |
| - контејнери од 5.000 литри | |
| - контејнери од 1.100 литри | |

Вкупниот број на микро локации со подземни контејнери изнесуваат 39 микро локации и тоа:

1. Во Општина Центар 16 микролокации
2. Во Општина Чаир 5 микролокации
3. Во Општина Кисела Вода 6 микролокации
4. Во Општина Гази Баба 6 микролокации
5. Во Општина Аеродром 6 микролокации

Вкупно: 39 микролокации

На секоја микролокација има по три контејнери за мешан комунален отпад – вкупно 113 контејнери.

Со осовременување на системот за времено складирање и подигање на комуналниот отпад се подобрува јавната хигиена во Градот.

Согласно Годишната програма и Оперативниот план, празнењето односно подигањето на комуналниот отпад од поставените контејнери кај домаќинства од подземните контејнери се врши 6 пати во неделата во 3 смени во текот на денот, додека од пластичните канти 2 пати неделно, а кај правните субјекти согласно постигнатиот меѓусебен договор и потребите на корисникот.

На подрачјето на град Скопје ЈП Комунална хигиена на 130 локации има поставено 144 пластични контејнери во вид на ѕвоно – ИГЛО, наменети за одлагање на стакло. Покрај овие садови се поставија и 41 метален контејнер (жолта и плава боја) за различен тип на отпад – хартија, пластика и лименки, на 30 локации (Центар – 3, Карпош - 12, Аеродром – 7, Кисела Вода – 3, Гази Баба – 2, Чаир – 1 и Ѓорче Петров - 2 локации).

### 1.1.2. Собран и транспортиран комунален отпад

**Собран и транспортиран комунален отпад од Градски и Рурални подрачја**

Во текот на 2018 година од подрачјето на Град Скопје и од руралните средини собрани се и транспортирани **152.645 тони** комунален отпад. Направени се **29.418 тури**.Споредено со 2017 година кога беа собрани 150.197 тони и 29.479 тури, бележиме зголемување на собраниот отпад за 2.448 тони, но и намалување кај турите за 61 тура.

Од вкупната количина на собран и транспортиран комунален отпад за периодот Јануари - Декември/2018 година, ЈП Комунална хигиена од подрачјето на Град Скопје , односно урбаниот дел собра и транспортира **141.149 тони** со направени **26.558 тури**.

Остатокот од **11.469 тони** комунален отпад е собран и транспортиран од руралните средини, за кои се направени **2.860 тури**.

Во Прегледот и графичкиот приказ што следи прикажани се вкупно собраните количини на отпад (во тони) и турите од ЈП Комунална хигиена на подрачјето на Град Скопје заедно со руралните средини во 2018 година споредено со 2017 година:

**ПРЕГЛЕД**
**На собран и транспортиран комунален отпад за 2018 година по месеци споредени со 2017 година**

| МЕСЕЦИ | Собран комунален отпад во 2018 г. (тони) | Број на тури 2018 | Собран комунален отпад во 2017 г. (тони) | Број на тури 2017 | Индекс/ Отпад (2:4) | Индекс/ Тура (3:5) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **ЈАНУАРИ** | 11.332 | 2.318 | 9.945 | 2.101 | 113,95 | 110,33 |
| **ФЕВРУАРИ** | 10.200 | 2.106 | 11.049 | 2.156 | 92,32 | 97,68 |
| **МАРТ** | 12.494 | 2.424 | 12.931 | 2.648 | 96,62 | 91,54 |
| **АПРИЛ** | 13.671 | 2.783 | 11.917 | 2.381 | 114,72 | 116,88 |
| **МАЈ** | 13.460 | 2.638 | 13.410 | 2.554 | 100,37 | 103,29 |
| **ЈУНИ** | 13.144 | 2.380 | 13.162 | 2.469 | 99,86 | 96,40 |
| **ЈУЛИ** | 14.480 | 2.493 | 13.767 | 2.613 | 105,18 | 95,41 |
| **АВГУСТ** | 13.457 | 2.449 | 13.441 | 2.616 | 100,12 | 93,62 |
| **СЕПТЕМВРИ** | 12.432 | 2.343 | 12.796 | 2.538 | 97,16 | 92,32 |
| **ОКТОМВРИ** | 13.541 | 2.695 | 13.209 | 2.671 | 102,51 | 100,90 |
| **НОЕМВРИ** | 12.598 | 2.472 | 12.857 | 2.479 | 97,99 | 99,72 |
| **ДЕКЕМВРИ** | 11.836 | 2.317 | 11.713 | 2.253 | 101,05 | 102,84 |
| **ВКУПНО** | **152.645** | **29.418** | **150.197** | **29.479** | **101,63** | **99,79** |




Од вкупно собраниот и транспортиран комунален отпад 152.645 тони од градското подрачје собрано е 141.149 тони( 92,47%) и од рурални подрачја 11.496 тон (7,53%). Споредено со 2017 година, комуналниот отпад собран од градското подрачје е поголем за 3.087 тони , а од руралните подрачја е намален за 639 тони и истите сумирани се прикажани во следниот Преглед:

| Подрачје | Собран ком. отпад во 2018 г. (тони) | Стр. | Собран ком. отпад во 2017 г. (тони) | Стр. | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | | 3 | | 4 (2-3) | 5 (2:3) |
| Градско подрачје | 141.149 | 92,47 | 138.062 | 91,92 | **3.087** | **102,24** |
| Рурални подрачја | 11.496 | 7,53 | 12.135 | 8,08 | **-639** | **94,73** |
| **Вкупно:** | **152.645** | 100 | **150.197** | 100 | **2.448** | **101,63** |

**Преглед**
**На собран и транспортиран комунален отпад од Градско подрачје и од Рурални подрачја за период Јануари – Декември/2018 година споредено со 2017 година**

| | 2018 год. | | | 2017 год. | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Месеци** | **Собран и транспортиран отпад од** | | **Вкупно (2+3)** | **Собран и транспортиран отпад од** | | **Вкупно (5+6)** | **Индекс (2:5)** | **Индекс (3:6)** |
| | **Градско** | **Рурални** | | **Градско** | **Рурални** | | | |

| | подрачје | подрачја | | подрачје | подрачја | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Јануари | 10.487 | 845 | **11.332** | 9.195 | 750 | **9.945** | 114,05 | 112,67 |
| Февруари | 9.531 | 669 | **10.200** | 10.137 | 912 | **11.049** | 94,02 | 73,36 |
| Март | 11.654 | 840 | **12.494** | 11.897 | 1.034 | **12.931** | 97,96 | 81,24 |
| Април | 12.642 | 1.029 | **13.671** | 11.042 | 875 | **11.917** | 114,49 | 117,60 |
| Мај | 12.478 | 982 | **13.460** | 12.386 | 1.024 | **13.410** | 100,74 | 95,90 |
| Јуни | 12.314 | 830 | **13.144** | 12.097 | 1.065 | **13.162** | 101,79 | 77,93 |
| Јули | 13.489 | 991 | **14.480** | 12.602 | 1.165 | **13.767** | 107,04 | 85,06 |
| Август | 12.440 | 1.017 | **13.457** | 12.211 | 1.230 | **13.441** | 101,88 | 82,68 |
| Септември | 11.605 | 827 | **12.432** | 11.707 | 1.089 | **12.796** | 99,13 | 75,94 |
| Октомври | 12.173 | 1.368 | **13.541** | 12.070 | 1.139 | **13.209** | 100,85 | 120,11 |
| Ноември | 11.470 | 1.128 | **12.598** | 11.815 | 1.042 | **12.857** | 97,08 | 108,25 |
| Декември | 10.866 | 970 | **11.836** | 10.903 | 810 | **11.713** | 99,66 | 119,75 |
| **Вкупно** | **141.149** | **11.496** | **152.645** | **138.062** | **12.135** | **150.197** | **102,24** | **94,73** |

### 1.1.3. Собран и транспортиран комунален отпад по видови на садови

Подигнатиот комунален отпад во зависност од садовите за времено одлагање на истиот во 2018 г. спореден со 2017 г. се прикажани во следниот:

**Преглед**
**На подигнат комунален отпад во зависност од садовите каде се одлага комуналниот отпад во 2018 г. споредени со 2017 г.**

| Видови на садови | Подигнат ком. отпад во 2018 г. (во тони) | Стр. | Подигнат ком. отпад во 2017 г. (во тони) | Стр. | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | | 3 | | 4 (2-3) | 5 (2:3) |
| Контејнери од 1.100 л. | 78.995 | 51,75 | 77.564 | 51,64 | 1.431 | 101,84 |
| Пластични садови од 120 л | 60.129 | 39,39 | 59.445 | 39,58 | 684 | 101,15 |
| Контејнери од 5.000 л. | 13.521 | 8,86 | 13.188 | 8,78 | 333 | 102,53 |
| **ВКУПНО:** | **152.645** | **100** | **150.197** | **100** | **2.448** | **101,63** |

Од Прегледот може да се види дека има зголемување кај сите видови на садови каде се одлага комуналниот отпад и вкупно зголемувањето изнесува 2.448 тони или 1,63%.

Вкупно подигнат комунален отпад во 2018 година од контејнери од 1.100 литри изнесува **78.995 тони** и во споредба со 2017 година кога беа подигнати **77.564 тони**, бележи зголемување 1.431 тон или за 1,84%.

**Подземни контејнери**

Од подземните контејнери во 2018 година подигнати се вкупно **3.302 тони** комунален отпад и во споредба со 2017 година кога беа подигнати **3.374 тони** бележиме намалување за **2,13 %.**

Оваа количина влегува во збирот на подигнат комунален отпад од контејнери од 1.100 литри.

Кај индивидуалното живеење-домаќинства во 2018 година од пластични канти од 120 литри, подигнато е вкупно **60.129 тони** и во споредба со 2017 година кога беа подигнати **59.445 тони**, бележи зголемување за 684 тони, односно за 1,15%.

Исто така бележиме зголемување и на собраниот отпад кај садовите од 5.000 литри (стопански субјекти). Зголемувањето во однос на 2017 година изнесува 333 тони или **2,53%**.

### 1.1.4. Собран и транспортиран комунален отпад од рурални подрачја

Со собирање и транспортирање на комуналниот отпад од руралните средини во околината на Град Скопје опфатени се **15.262 домаќинства** од населените места од Општините: Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Бутел, Карпош и Сарај.

Од м.Октомври/2018 година Претпријатието започна со вршење на услуга во Општината Сарај со вкупен број од **4.243** опфатени домаќинства и со тоа бројот на домаќинства од руралните средини на кои им се врши услуга се зголеми на **19.781** домаќинства и во однос на 2017 година – 15.262 домаќинства, зголемувањето изнесува 29,61%.

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад е со утврдена динамика од еднаш седмично. Во 2018 год. беа ангажирани 10-12 специјални возила во зависност од потребите за навремено извршување на работните задачи.

Во следниот Преглед, како и во графиконот е прикажан и вкупно собран комунален отпад од руралните средини за 2018 година споредени со 2017 год. по месеци:

| **Месец** | **Количина на отпад 2018 г. (во тони)** | **Број на тури** | **Количина на отпад 2017 г. (во тони)** | **Број на тури** | **Индекс/ Отпад (2:4)** | **Индекс/ Тури (3:5)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Јануари | 845 | 215 | 750 | 197 | 112,67 | 109,14 |
| Февруари | 669 | 184 | 912 | 204 | 73,36 | 90,20 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Март | 840 | 220 | 1.034 | 248 | 81,24 | 88,71 |
| Април | 1.029 | 243 | 875 | 212 | 117,60 | 114,62 |
| Мај | 982 | 234 | 1.024 | 239 | 95,90 | 97,91 |
| Јуни | 830 | 207 | 1.065 | 237 | 77,93 | 87,34 |
| Јули | 991 | 232 | 1.165 | 253 | 85,06 | 91,70 |
| Август | 1.017 | 280 | 1.230 | 267 | 82,68 | 104,87 |
| Септември | 827 | 204 | 1.089 | 241 | 75,94 | 84,65 |
| Октомври | 1.368 | 311 | 1.139 | 260 | 120,11 | 119,62 |
| Ноември | 1.128 | 269 | 1.042 | 238 | 108,25 | 113,03 |
| Декември | 970 | 261 | 810 | 206 | 119,75 | 126,70 |
| **Вкупно:** | **11.496** | **2.860** | **12.135** | **2.802** | **94,73** | **102,07** |
| **Домаќинства** | **19.505** | | **15.262** | | **127,80** | |




Во периодот **од 01.01 до 31.12.2018 година**, од руралните средини на подрачјето на град Скопје собрани се и транспортирани **11.496 тони** комунален отпад и во однос на 2017 год – **12.135 тони** - помалку за 639 тони или за 5,27%.

Бројот на турите во **2018 година** изнесуваат **2.860 тури** и во однос на 2017 година - **2.802 тури** повеќе за 58 тури односно за 2,07%.

**1.1.5. Селекција на отпад и трансфер центри**

Во рециклажниот двор, отпадот собран од страна на ЈП Комунална хигиена – Скопје, каде ПЕТ амбалажата, како и хартијата и картонската амбалажа се собира, пресува и складира и истата се предава на Рекологија Нутривет и Пакомак.

Следи Преглед и графички приказ на собрани количини на ПЕТ амбалажа и најлон, хартија и картонска амбалажа и стакло за период од 01.01 до 31.12.2018 година споредено со 2017 година:

**Преглед**
**На собрани и предадени количини на ПЕТ амбалажа, хартија, картонска амбалажа и стакло за период од 01.01 до 31.12.2018 г споредно со 2017 г.**

| Месеци | ПЕТ амбалажа и најлон (кгр) | Хартија и карт.кутии (кгр) | Стакло (кгр.) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Јануари | 0 | 3.100 | 10.740 |
| Февруари | 215 | 2.900 | 8.900 |
| Март | 0 | 0 | 4.770 |
| Април | 0 | 0 | 7.310 |
| Мај | 0 | 0 | 31.010 |
| Јуни | 0 | 0 | 12.210 |
| Јули | 0 | 0 | 4.190 |
| Август | 0 | 0 | 8.680 |
| Септември | 0 | 0 | 23.820 |
| Октомври | 0 | 0 | 12.780 |
| Ноември | 0 | 0 | 46.180 |
| Декември | 0 | 0 | 25.820 |
| ***Вкупно 2018:*** | ***215*** | ***6.000*** | ***196.410*** |
| ***Вкупно 2017:*** | ***905*** | ***31.650*** | ***93.970*** |




Од Прегледот може да се забележи намалување на вкупно собраните количини на хартија и картонска амбалажа. За период Јануари-Декември/2018 година собрани се вкупно 6.000 кг. и во однос на 2017 година кога беа собрани 31.650 кг. бележиме намалување за 25.650 кг.

Кај количините на собрана ПЕТ амбалажа исто така бележиме намалување.Во 2018 година собрани се 215 кг. и во однос на 2017 година кога беа собрани 905 кг. имаме намалување за 690 кг.

Во 2018 година зголемување има само кај собраното стакло – 196.410 кг. споредено со 2017 година кога беа собрани 93.970 кг. стакло, при што е регистрирано зголемување за 102.440 кг.

Во 2018 година нема собрано количество на лименки.

Предадените количини на ПЕТ амбалажа и најлон, хартија и картонски кутиии и стакло на Пакомак за разгледуваниот период 2018 година и споредени со 2017 година се прикажани во следните два Прегледи и тоа:

**Преглед**
**на предадена количина на Рекологија Нутривет - Пакомак**
**за период од 01.01 до 31.12.2018 година**

| Месеци | Предадено на Рекологија (Пакомак-Нутривет) | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2018 година | ПЕТ амбалажа и најлон (кгр) | Хартија и карт.кутии (кгр) | Стакло (кгр) | Лименки (кгр) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Јануари | 0 | 3,100 | 10,740 | 0 |
| Февруари | 215 | 2,900 | 8,900 | 0 |
| Март | 0 | 0 | 4,770 | 0 |
| Април | 0 | 0 | 7,310 | 0 |
| Мај | 0 | 0 | 31,010 | 0 |
| Јуни | 0 | 0 | 12,210 | 0 |
| Јули | 0 | 0 | 4,190 | 0 |
| Август | 0 | 0 | 8,680 | 0 |
| Септември | 0 | 0 | 23,820 | 0 |
| Октомври | 0 | 0 | 12,780 | 0 |
| Ноември | 0 | 0 | 46,180 | 0 |
| Декември | 0 | 0 | 25,820 | 0 |
| ***Вкупно:*** | **215** | **6,000** | **196,410** | **0** |

**Преглед**
**На предадени количини на ПЕТ амбалажа, хартија, картонска амбалажа и стакло за период од 01.01 до 31.12.2018 година споредено со 2017 год**

| Период | Предадено на Рекологија Нутривет-Пакомак | | |
|---|---|---|---|
| | ПЕТ амбалажа (кгр) | Хартија и карт.кутии (кгр) | Стакло (кгр) |
| Вкупно: 2018 год. | 215 | 6.000 | 196.410 |
| Вкупно: 2017 год. | 905 | 31.650 | 93.970 |
| **Разлика:** | **-690** | **-25.650** | **102.440** |

## 1.2. ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНАТА НА ЈАВНИТЕ СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

Одржување на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење (рачно и машински) на јавните сообраќајни површини, притоа празнење и чистење на корпите за отпадоци поставени на јавните површини, како и чистење на сметот (до и околу контејнерите за комунален отпад, пешачките зони, тротоари, пешачки премини, мостови и друго) .

**Категоризација**
**На јавните сообраќајни површини на подрачјето**
**на Град Скопје 2018**

| Категорија | Површина – м$^2$ | Стр. |
|---|---|---|
| Прва категорија | 422.847 | 7 % |
| Втора категорија | 1.889.029 | 31 % |
| Трета категорија | 3.836.715 | 62 % |
| **Вкупно:** | **6.148.591** | **100%** |

Во продолжение следи Преглед на планирани и исчистени површини по Општини и категории за период од 01.01 до 31.12.2018 година.

За период од 01.01 до 31.12.2018 година од вкупно планираната површина 699.615.574 м$^2$ остварено е 686.471.130 м$^2$ или за 1,88% помалку во однос со планираната.

**ПРЕГЛЕД**
**На планирано и оставрено по Општини и категории за 2018 година**

| ОПШТИНИ | Вкупно планирано м$^2$ | Вкупно остварено м$^2$ | Стр. на остварено | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **ЦЕНТАР** | | | | |
| I | 156.309.200 | 152.601.000 | | |
| II | 151.064.526 | 148.168.000 | | |
| III | 8.513.180 | 8.542.000 | | |
| **ВКУПНО** | **315.886.906** | **309.311.000** | **45,06** | **97,92** |
| **К.ВОДА** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 35.373.122 | 35.035.500 | | |
| III | 5.867.620 | 6.028.000 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | **41.240.742** | **41.063.500** | **5,98** | **99,57** |
| **АЕРОДРОМ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 27.642.734 | 27.247.000 | | |
| III | 12.219.312 | 11.216.000 | | |
| **ВКУПНО** | **39.862.046** | **38.463.000** | **5,60** | **96,49** |
| **КАРПОШ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 94.484.878 | 90.320.000 | | |
| III | 13.207.740 | 12.113.000 | | |
| **ВКУПНО** | **107.692.618** | **102.433.000** | **14,92** | **95,12** |
| **ЧАИР** | | | | |
| I | 19.017.030 | 19.700.000 | | |
| II | 80.180.946 | 80.551.500 | | |
| III | 6.165.454 | 6.789.000 | | |
| **ВКУПНО** | **105.363.430** | **107.040.500** | **15,59** | **101,59** |
| **БУТЕЛ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 18.899.086 | 18.655.000 | | |
| III | 4.132.310 | 4.384.000 | | |
| **ВКУПНО** | **23.031.396** | **23.039.000** | **3,36** | **100,03** |
| **ГАЗИ БАБА** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 36.756.296 | 35.904.000 | | |
| III | 10.865.564 | 10.740.000 | | |
| **ВКУПНО** | **47.621.860** | **46.644.000** | **6,79** | **97,95** |
| **Ѓ.ПЕТРОВ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 13.019.336 | 12.621.000 | | |
| II | 4.295.180 | 4.315.000 | | |
| **ВКУПНО** | **17.314.516** | **16.936.000** | **2,69** | **97,81** |
| **Ш.ОРИЗАРИ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 214.620 | 207.270 | | |
| III | 1.387.440 | 1.333.860 | | |
| **ВКУПНО** | **1.602.060** | **1.541.130** | | **96,20** |
| ***СЕ ВКУПНО*** | ***699.615.574*** | ***686.471.130*** | ***100*** | **98,12** |

На територијата на град Скопје на јавните сообраќајни површини се поставени 2.135 корпи за отпадоци кои се празнеа според утврдената динамика на празнење на корпите по Општини согласно Оперативната програма за 2018 година.

**Празнење на корпи за отпадоци поставени на јавни сообраќајни површини**

| Ред. бр. | ОПШТИНИ | Број на корпи за отпадоци | Динамика на празнење (неделно) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 7 пати (3 х дневно) | 6 пати | 3 пати | 2 пати | 1 пати |
| 1 | Центар | 1.023 | 455 | 401 | 94 | 73 | - |
| 2 | Кисела Вода | 247 | - | 67 | 61 | 21 | 98 |
| 3 | Карпош | 234 | - | 82 | 62 | 90 | - |
| 4 | Гази Баба | 140 | - | 34 | 40 | 21 | 45 |
| 5 | Чаир | 150 | - | 64 | 63 | 23 | - |
| 6 | Бутел | 29 | - | - | 29 | - | - |
| 7 | Ш.Оризари | 13 | - | 10 | - | 3 | - |
| 8 | Ѓ. Петров | 50 | - | 25 | - | 25 | - |
| 9 | Аеродром | 248 | - | 112 | 34 | 42 | 60 |
| | **Вкупно :** | **2.135** | **455** | **795** | **383** | **298** | **203** |

## 1.3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ДЕЈНОСТИ

Службата за Дополнителни дејности во рамките на ЈП Комунална хигиена во текот на 2018 година ги извршуваше своите работи и работни задачи во кои се опфатени :

- чистење на септички јами,
- подигање на згазени и умрени животни од јавните сообраќајни површини, уловување на животни скитници и нивен медицински третман во стационарот на Вардариште ,
- постапување со напуштен отпад (диви депонии)

### 1.3.1.Чистење на септички јами

Чистењето на септички јами се врши по барање на правни лица. Во периодот 01.01 до 31.12.2018 година, извршени се вкупно услуги на 9 правни лица за чистење на септички јами и исчистени се вкупно 240 м$^3$.Направени се 30 тури.

| ОПИС | 2018 год. | 2017 год. | Индекс 2018/2017 |
|---|---|---|---|
| - Број на извршени услуги -правни лица | 9 | 15 | 60 |
| - Исчистени м$^3$ | 240 | 224 | 107,14 |

Од табелата може да се види дека бројот на извршени услуги е намален за 40%, додека количината на исчистени фекални води изразена во $м^3$ е зголемена за 16 $м^3$ односно за 7,14%.

### 1.3.2. Подигање на згазени и умрени животни од јавните сообраќајни површини и уловување на животни скитници и нивен медицински третман во стационарот на Вардариште

Во Прегледот што следи може да се види бројот на подигнати згазени и умрени животни во текот на 2018 година по месеци споредени со истиот период во 2017 година:

| Опис | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вкупно I-XII 2018 | Вкупно I-XII 2017 | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 (14:15) |
| Кучиња | 26 | 16 | 24 | 32 | 20 | 22 | 32 | 24 | 32 | 22 | 27 | 18 | 295 | 335 | **88,06** |
| Мачки | 17 | 5 | 13 | 9 | 12 | 27 | 19 | 19 | 21 | 19 | 24 | 15 | 200 | 166 | **120,48** |
| Др. Добиток | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 5 | 3 | **166,67** |
| **Вкупно мрши:** | **43** | **21** | **38** | **42** | **32** | **49** | **52** | **44** | **53** | **42** | **51** | **33** | **500** | **504** | **99,21** |

Во следниот Прегледот може да се види бројот на заловени и третирани бездомни животни во стационарот Вардариште, по месеци за период од 01.01 до 31.12.2018 година споредени со 2017 година:

| Месеци / Опис | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вкупно I-XII 2018 | Вкупно I-XII 2017 | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 (14:15) |
| **Заловени** | 51 | 0 | 0 | 76 | 130 | 148 | 192 | 151 | 154 | 155 | 70 | 147 | **1.274** | **1.444** | **88,23** |
| **Кастр/Оварх.** | 34 | 0 | 0 | 66 | 101 | 105 | 155 | 111 | 107 | 102 | 45 | 120 | **946** | **1.008** | **93,85** |
| **Еутаназирани** | 5 | 0 | 0 | 7 | 20 | 23 | 30 | 26 | 20 | 26 | 7 | 15 | **179** | **268** | **66,79** |
| **Вдомени** | 12 | 0 | 0 | 3 | 9 | 20 | 7 | 14 | 27 | 27 | 18 | 11 | **148** | **164** | **90,24** |

Во 2018 година Службата за заловување и третман на кучиња скитници заловила вкупно 1.274 бездомни животни и во споредба со 2017 година кога беа заловени вкупно 1.444 животни бележи намалување за 11,77%. Третирани

се 946 единки и во споредба со минатата година кога беа третирани 1.008, се бележи намалување за 6,15%.

Намалување во однос на 2018 година се бележи и кај еутанизираните животни. Во 2018 година, констатирана е потреба од еутаназија и истата е извршена на 179 кучиња, во 2017 година била извршена на 268 кучиња односно во проценти 33,21%.

Кај вдомените животни исто така бележиме намалување во однос на 2017 година, кога беа вдомени 164 кучиња , во 2018 година вдомени се 148 кучиња, или изразено во проценти намалување од 9,76%.

Целокупното намалување се должи на тоа што стариот Договор за медицински третман имаше важност до крајот на м.Јануари, а новиот беше потпишан и се започна со реализација во м.Април. Во тој период Службата не вршеше хируршки интервенции (Кастр./Оварх.) врз веќе заловените кучиња кои се наоѓаа во стационарот Вардариште.

На крајот од годината во стационарот е останато 1 бездомно животно за понатамошен третман.

### 1.3.3. Постапување со напуштен отпад (диви депонии)

ЈП Комунална хигиена во соработка со Град Скопје, во текот на 2018 година, интервенираше во сите Општини на територијата на град Скопје и од создадените диви депонии отстрани 5.144 $м^3$ комунален отпад измешан со градежен шут. Во споредба со 2017 година кога беа отстранети 835 $м^3$, бележи зголемување за 4.309 $м^3$ односно 516,05%.

## 1.4. ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ АКТИВОСТИ

- **ЕКО - патрола**

Во текот на 2018 година, Еко-патролата има направено вкупно 1.511 записници од кои: 437 за комунален отпад и 1.074 едукативни. Откриени и расчистени се **1.041$м^3$** отфрлен градежен отпад и шут и кабаст отпад и гранки. Во Прегледите што следат може да се види бројот на извршени интервенции во 2018 година по видови записници и по Општини споредени со 2017 година:

## Преглед
## На извршени интервенции за комунален отпад по Општини

| Ред. број | ОПШТИНИ | Записници за комунален отпад – 2018 г. | | Записници за комунален отпад – 2017 г. | | Индекс | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Откриени и расчистени $M^3$ | Број на записници | Откриени и расчистени $M^3$ | Број на записници | (3:5) | (4:6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1. | Општина Центар | 242 | 114 | 63 | 30 | 384,13 | 380,00 |
| 2. | Општина Карпош | 128 | 55 | 50 | 21 | 256,00 | 261,90 |
| 3. | Општина Аеродром | 144 | 56 | 71 | 28 | 202,82 | 200,00 |
| 4. | Општина К.Вода | 95 | 40 | 77 | 27 | 123,38 | 148,15 |
| 5. | Општина Чаир | 292 | 119 | 208 | 75 | 140,38 | 158,67 |
| 6. | Општина Бутел | 33 | 13 | 48 | 20 | 68,75 | 65,00 |
| 7. | Општина Гази Баба | 66 | 24 | 44 | 15 | 150,00 | 160,00 |
| 8. | Општина Ѓ.Петров | 38 | 15 | 35 | 11 | 108,57 | 136,36 |
| 9. | Општина Ш. Оризари | 3 | 1 | 4 | 2 | 75,00 | 50,00 |
| **Вкупно записници** | | **1.041** | **437** | **600** | **229** | **173,50** | **190,83** |

## Преглед
## На извршени интервенции – едукативни записници

| Ред. број | ОПШТИНИ | Едукативни записници во 2018 г. | Едукативни записници во 2017 г. | Индекс (3:4) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Општина Центар | 167 | 193 | 86,53 |
| 2. | Општина Карпош | 194 | 177 | 109,60 |
| 3. | Општина Аеродром | 179 | 154 | 116,23 |
| 4. | Општина К.Вода | 133 | 138 | 96,38 |
| 5. | Општина Чаир | 166 | 151 | 109,93 |
| 6. | Општина Бутел | 85 | 81 | 104,94 |
| 7. | Општина Гази Баба | 85 | 99 | 85,86 |
| 8. | Општина Ѓ.Петров | 65 | 68 | 95,59 |
| 9. | Општина Ш. Оризари | 0 | 10 | 0,00 |
| **Вкупно записници** | | **1.074** | **1.071** | **100,28** |

### - Дежурен телефон

Во текот на 2018 г. на дежурниот телефон биле регистрирани 920 јавувања од граѓани.

Најголем дел од јавувањата се однесуваат на неподигнат отпад од канти и контејнери (683 јавувања), како и повици за службата за хуман третман на животни – скитници ( 220 јавувања).

## - Еколошка едукација

Службата за Развој која е дел од Секторот за ИТ и Развој, во делот на подигнување на јавната свест за одржување на јавната чистота, во соработка со основните училишта и градинките на територија на Град Скопје организира промотивни и едукативни кампањи.

Во текот на 2018 година реализирани се еко часови во 37 основни училишта во сите Општини на територијата на Град Скопје. Со едукација беа опфатени 1.720 ученици кои преку презентации и нагледни материјали се запознаа со процесот на селекција на отпадот.

Исто така беа едуцирани и децата од предучилишните установи и тоа вкупно 772 деца од 20 градинки.

**ПРЕГЛЕД**
**На реализирана едукација по Општини за 2018 година**

| Месец | Општина | Бр.на училишта | Бр.на ученици | Бр.на градинки | Бр.на деца | Вкупно едуцирани |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Февруари | Центар | 2 | 135 | 1 | 52 | 187 |
| | Кисела Вода | 2 | 81 | 1 | 33 | 114 |
| | Чаир | 1 | 55 | 1 | 29 | 84 |
| | Аеродром | 2 | 90 | 1 | 50 | 140 |
| | Гази Баба | 2 | 79 | 1 | 28 | 107 |
| | Сарај | 1 | 42 | 1 | 26 | 68 |
| | Бутел | 2 | 76 | / | / | 76 |
| | Ш.Оризари | 1 | 30 | 1 | 22 | 52 |
| Март | Ѓ.Петров | 2 | 117 | 1 | 30 | 147 |
| | Бутел | / | / | 1 | 39 | 39 |
| Април | Центар | 1 | 60 | 4 | 125 | 185 |
| Мај | Центар | 2 | 133 | / | / | 133 |
| Октомври | Аеродром | 4 | 136 | / | / | 136 |
| | Сарај | 3 | 116 | / | / | 116 |
| Ноември | Аеродром | 4 | 196 | 3 | 178 | 374 |
| | Чаир | 2 | 70 | / | / | 70 |
| | Бутел | 1 | 22 | / | / | 22 |
| | Сарај | 2 | 87 | 1 | 50 | 137 |
| Декември | Аеродром | / | / | 3 | 110 | 110 |
| | Чаир | 3 | 195 | / | / | 195 |
| **Вкупно:** | | **37** | **1.720** | **20** | **772** | **2.492** |

## 1.5 ВОНРЕДНИ АКТИВНОСТИ

Во организација на Град Скопје, во соработка со Општините и Јавните претпријатија во текот на 2018 година, континуирано се одвиваа вонредни активности како што се акциите за генерално чистење на Општините, кејот на реката Вардар, чистење на СРЦ Матка и др. Акциите се одвива со времетрање од два до три дена.

ЈП Комунална хигиена Скопје, започнувајќи од 10.01.2018 година,со интервентни мерки за подобрување на воздухот стартуваше од Општините Чаир, Шуто Оризари и Аеродром со времетраење од два дена во секоја од Општините, по што продолжи и во останатите скопски општини.

Дневно беа ангажирани 50 работници и три специјални комунални возила – метлачки, три специјални комунални возила – патарки и еден втоварувач „Аванти".

Во м.февруари беше спроведена акција за генерално чистење на општина Сарај, ангажирани беа 70 работници и две специјални комунални возила – цистерни, три специјални комунални возила – патарки, три специјални комунални возила - кипери и еден втоварувач „Аванти".

Од м.март до м.јули/2018 година се продолжи со акциите за почист град со учество во заедничката координирана акција за чистење на Градскиот парк, генерално чистење на кејот на реката Вардар (во потег од Ново Лисиче до мостот Обединети нации, делот околу мостот Гоце Делчев, кон Градскиот парк и Калето).

Во координација со Градот Скопје, акциите продолжија со генерално чистење на сите скопски булевари и поголемите сообраќајници, кои се одвиваа во текот на неколку седмици. Просторот на кој се наоѓа Клиничкиот центар Мајка Тереза беше целосно исчистен од расфрланиот смет по јавните површини меѓу објектите и беше спроведена акција за генерално чистење на центарот на Општина Сарај.

Во овие акции учествуваа просечно дневно по 30 работници, ( како и сезонски ангажирани работници преку Град Скопје) во три смени и просечно дневно по три специјални комунални возила – цистерни, три специјални комунални возила – метлачки, две специјални комунални возила – патарки, едно специјално комунално возило – кипер, по еден трактор и мотокултиватор (во зависност од потребите).

Од м.јули до крајот на 2018 година, покрај акциите за генерално чистење на општините Ѓорче Петров, Гази Баба, Чаир и Кисела Вода, беше спроведена акција за уредување на просторот во Зоолошката градина, чистење на просторот на Клинички центар Мајка Тереза, генерално чистење на СРЦ Матка, како и рачно и машинско метење и миење на сообраќајниците во општините Бутел, Шуто Оризари и Центар.

Во овие акции учествуваа просечно дневно по 40 работници, освен за акцијата спроведена во СРЦ Матка каде беа ангажирани 100 работници.Ангажирана механизација: просечно дневно по две специјални

комунални возила – цистерни, две специјални комунални возила – метлачки, две специјални комунални возила – патарки, едно специјално комунално возило – кипер.

Во текот на сите овие спроведени акции во 2018 година се изврши метење и машинско перење на сите главни и општински улици, како и расчистување диви депонии (каде покрај отпад главно од помешан комунален отпад со градежен шут и кабаст отпад, отстранет е и отстранет е и 800,64 тони чист градежен шут).

Како и досега така и во иднина ЈП, покрај својата основна дејност собирање и транспортирање на комунален отпад и метење и миење на ЈСП, во соработка со Град Скопје и Општините, ќе продолжи со вонредните активности односно акциите за чисто и убаво Скопје.

## 2. МЕХАНООПРЕМЕНОСТ

### 2.1 Состојба на возниот парк

За подобрување на јавната комунална хигиена Претпријатието во 2018 год.согласно Инвестиционата програма инвестира во набавка на специјални комунални возила ( СКВ) и тоа:

**1.Товарно моторно возило кипер со капацитет на товарниот сандак до 10м$^3$ со кранска рака - 1 парче.**

**2. Набавено е возило за заловување на кучиња скитници и превоз на мрши 1 парче.**

Со набавка на овие возила се подобрува возниот парк на претпријатието со што се создаваат оптимални услови за непречено извршување на Оперативните планови и програми за работа.

Просечниот број на расположливи возила во 2018 год. изнесува 166 возила. Просечно во функција односно исправни единици беа 114 односно 68,67%.

Возилата групирани по видови се прикажани во следната Табела:

| Ред. број | Возила | Расположливи возила | | I-XII-2018 год. | | Просечна старост |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2018 год. | 2017 год. | Просечно расположливи | Просечно во функција | |
| 1 | Специјални комунални возила за собирање ком.отпад (1,1м3 и 120л) | 83 | 83 | 83 | 50 | 9 |
| 2 | Мали комунални.возила- од 1 м3 -пијаџа | 4 | 4 | 4 | 4 | 7 |
| 3 | Влекачи и полуприколки | 12 | 12 | 12 | 10 | 15 |
| 4 | Комбинирки и самоподигачи | 12 | 12 | 12 | 10 | 15 |
| 5 | Кипери | 5 | 4 | 5 | 3 | 15 |
| 6 | Мали комунални возила-Патарки | 5 | 5 | 5 | 5 | 4 |
| 7 | Метлачки и машини за миење и метење на јавни сообраќајни површини ,плоштади и пеш.зони | 13 | 13 | 13 | 12 | 6 |
| 8 | Цитерни за миење на улици | 15 | 15 | 15 | 13 | 16 |
| 9 | Цистерни фекалки | 2 | 2 | 2 | 1 | 25 |
| 10 | Останати возила | 15 | 15 | 15 | 6 | 15 |
| | **Вкупно:** | **166** | **165** | **166** | **114** | **/** |

## 2.2 Потрошувачка на дизел гориво

Бидејќи единствен материјален трошок на контото потрошено гориво од Магацин бр.8 претставува дизел горивото кое го користат специјалните комунални возила, ќе дадеме споредба на овој трошок изразен во литри и денари за период I-XII-2018 г. во однос на истиот период 2017 година.

Трошокот за потрошено дизел гориво I-XII-2018 год. изнесува 38.886.479,18 денари и во однос на истиот период во 2017 год – 32.108.704,32 ден. бележи зголемување за 6.777.774,86 ден. како резултат на повеќе потрошено дизел гориво за 17.796,68 литри и зголемена цена на дизел горивото за 21,71% (Преглед бр.1).

**Преглед бр.1**
**На средни цени на горивата 2018 споредено со 2017 година**

| Гориво | Средна цена на Дизел гориво, Бензин и ТНГ | | Индекс (2:3)*100 |
|---|---|---|---|
| | I-XII-2018 г. | I-XII-2017 г. | |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| **Дизел гориво(без ддв)** | **52,52** | **43,15** | **121,71** |
| **Бензин 95 (без ддв)** | **58,56** | **54,72** | **107,02** |
| **Т Н Г (со ддв)** | **26,85** | **29,45** | **91,17** |

Количината на потрошено дизел гориво на специјалните комунални возила за извршување на оперативни активности според дејности по возила е прикажана во следниот Преглед:

| Ред. број | Видови на возила по намена | Потрошено Дизел гориво ( литри) | | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| | | I-XII-2018 г. | I-XII-2017 г. | (3-4) | (3:4)*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | Специјални комунални возила за собирање на смет | 674.597,71 | 654.740,19 | 19.857,52 | 103,03 |
| 2. | Возила за миење и метење на јавни сообраќајни површини | 42.302,10 | 47.936,23 | -5.634,13 | 88,25 |
| 3. | Фекалки | 1.205,14 | 2.116,34 | -911,20 | 56,94 |
| 4. | Останати возни единици | 19.237,47 | 14.752,98 | 4.484,49 | 130,40 |
| | **Вкупно:** | **737.342,42** | **719.545,74** | **17.796,68** | **102,47** |

Од Прегледот може да се види дека потрошувачката на дизел горивото е намалена кај возилата за метење и миење на ЈСП за 5.634,13 литри или за 11,75, и кај возилата за фекален отпад 911,20 литри или за 43,06%.

Најголемо зголемување на потрошеното дизел гориво се јавува кај специјалните комунални возила за собирање и транспорт на комунален отпад. Количината на потрошеното дизел гориво кај овие возила во 2018 г. изнесува 674.597,71 литри и во однос на 2017 год.- 654.740,19 литри е зголемена за 19.857,52 литри, односно за 3,03 %.

За да може да се изврши реална споредба на потрошеното дизел гориво кај возилата за транспорт на комунален отпад со количината на однесениот отпад и бројот на турите истото ќе биде прикажано во следниот Преглед:

| Ред. број | Елементи | I-XII-2018г. | I-XII-2017г. | Разлика (2-3) | Индекс (2/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Дизел гориво за собирање и транспорт на ком.отпад (литри) | 674.597,71 | 654.740,19 | 19.857,52 | 103,03 |
| 2. | Отпад (тони) | 152.645 | 150.197 | 2.448 | 101,63 |
| 3. | Број на тури | 29.418 | 29.479 | -61 | 99,79 |
| 4. | Однесен отпад по тура (2:3) (тон/тура) | 5,19 | 5,10 | 0,09 | 94,51 |
- **Приход од наем на опрема** е зголемен за 16,52% а се остварува по основ на изнајмување контејнери од 1,1м³ , 5м³ и 7м³, како резултат на зголемената потребата кај правните лица за изнајмување на контејнери за одлагање на отпад, на кој ги обврзува Законот за јавна чистота.

- **Приходот од наплатени судски такси** е зголемен за 933.887,00 денари или за 6,96%, поради поголема наплата на тужени побарувања од 2017 година, кои согласно измените во Законот за нотаријатот, тужените побарувања над 2.000,00 ден., се со додадени тарифни износи за адвокатски награди и надоместоци на трошоците за работа.

### I.1.2. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

Останатите приходи во вкупниот приход на претпријатието учествуваат со 10,20% Во оваа категорија евидентирани се следните следните приходи:

| К-ТО | **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | **Остварено I-XII-2018** | | **Остварено I-XII-2017** | | **Разлика** | **Инд.** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | стр. | 3 | стр. | **4(2-3)** | **5(2:3)** |
| 7563 | Прих.од вред.усогл.на залихи | | 0,00 | 32.684,00 | 0,02 | -32.684,00 | 0,00 |
| 76701 | Приходи од субвенции | 11.818.380,00 | 9,69 | 7.765.246,00 | 5,72 | 4.053.134,00 | 152,20 |
| 76703 | Приходи од донации | 19.694.342,00 | 16,14 | 19.748.872,00 | 14,56 | -54.530,00 | 99,72 |
| 764 | Приходи од вишок на стоки во магацин | 522.897,00 | 0,50 | | 0,00 | 522.897,00 | 0,00 |
| 76500 | Приходи од наплат. вреднос. усогласени побарувања | 87.758.180,00 | 71,92 | 101.263.988,00 | 74,63 | -13.505.808,00 | 86,66 |
| | Приходи од напл вред. усогл. побарув. **домаќинство** | 57.889.182,00 | 47,44 | 67.480.780,00 | 49,73 | -9.591.598,00 | 85,79 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Приходи од напл побар. од **фирми**, тужени поб.од фирми, стечај и ликвидација | 29.868.998,00 | 24,48 | 33.783.208,00 | 24,90 | -3.914.210,00 | 88,41 |
| 76900 | Приходи од враќање давачки нотар | 21.050,00 | | | | 21.050,00 | |
| 7691 | Прих.од надом.на штети од осигурителни компании | 28.775,00 | | 246.545,00 | | -217.770,00 | 11,67 |
| 7696 | Допол.утвред.приходи од мин.год. | 1.002.651,50 | 0,82 | 2.220,00 | 0,00 | 1.000.431,50 | 45164,48 |
| 7697 | Прих.од минати години-допол.утвред. | | | 6.621.221,00 | | -6.621.221,00 | 0,00 |
| 7699 | Приходи по други основи | 1.075.400,00 | | | | 1.075.400,00 | 0,00 |
| | **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | **121.921.676,00** | **100** | **135.680.776,00** | **100** | **-13.759.100,00** | **89,86** |

- Кај **останатите приходи** за 2018 год. се забележува намалување за 13.759.100,00 денари , односно за 10,14 %, како резултат на намалени приходи од наплатени вредносно усогласени побарувања од физички и правни лица. Објективното намалувањето кај овие приходи е за 5,46% или за 7.045.976,50 денари, бидејќи во овој приход од 135,68 милиони денари за 2017 е вкалкулиран вонреден прилив на средства - од Министерството за финансии, по пресуда за одземени акции од Комерцијална банка во вкупен износ од 6.621.221,00 ден.

Согласно Програмата за дополнителни активности за одржување на јавната чистота на подрачјето на град Скопје (за подобро и поквалитетно одржување на јавните сообраќајни површини- миење и метење), за времено ангажираните лица преку град Скопје, претпријатието добиените средства (месечно, по исплата на плата на истите) ги искажува на позицијата **приход од субвенции**. Се забележува зголемување за 52,20% на овие приходи заради зголемен број на ангажирани лица за подолг временски период во однос на минатата година.

Согласно усвоениот буџет на град Скопје за 2018 година по овој основ е планирано времено ангажирање на лица за период од 01.04-31.12/2018 година. Во 2018 год. просечниот бројот на ангажирани лица преку Градот изнесува 100 работници за периодот април-декември, а во 2017г.- 93 работници беа ангажирани во период мај-декември.

**Приходот по основ на донации** е минимално намален за 0,28% , а произлегува и е во висина на пресметаната амортизација за период 01-12/2018 година, на средства претежно добиени од градот и општините како донација, а се строго наменски инвестирани за обавување на основната дејност на претпријатието- одржување на хигиена и заштита на животната средина.

**Приходот од наплатени вредносно усогласени побарувања** (нетужени над една година и тужени побарувања), има учество од 71,92% во овие приходи .

Во 2018 год., менаџерскиот тим, преку стручните служби во претпријатието, ги интензивира активностите во делот на наплата на овие побарувања, со преземање на сите правни мерки за обезбедување на истите.

На корисниците - правни и физички лица, им се овозможи доспеаните побарувања ( нетужени и тужени со трошоци за тужење) да ги подмират на рати, со склучување на солемнизирана спогодба односно со договор за плаќање на рати.

Во соработка со ЈП Водовод и канализација, во делот на наплатата на заедничките сметки од домаќинствата, на корисниците им се овозможи во определен временски рок да го подмират заостанатиот долг без пресметана камата за задоцнето плаќање.

Тужените побарувања, на корисниците кои спогодбено не се пријавија за подмирување на долгот и не реагираа на опомените, се доставија на извршување кај извршители.

Приходите по основ на вредносно усогласени побарувања од физички и правни лица за 2018 г. изнесуваат 87.758.180,00 ден. и во однос на претходната година се намалени за 13,34%.

Како се движела наплатата на овие побарувања во 2018 год.по квартали е прикажано во следната табела:

| К-то | ОПИС | 01.01-31.03.2018 | 01.04-30.06.2018 | 01.07-30.09.2018 | 01.10-31.12.2018 | Вк. наплатено од 01.01-31.12.2018г. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | | | |
| **765** | Приходи од наплатени вредносно усогласени побарувања | **20.231.377,00** | **25.273.168,00** | **15.800.732,00** | **26.452.903,00** | **87.758.180,00** |
| | Приходи од напл вред. усогласени побарув домаќинство | 15.005.393,00 | 17.078.876,00 | 8.179.503,00 | 17.625.410,00 | **57.889.182,00** |
| | Приходи од напл побар. Од фирми, тужени поб.од фирми, стечај и ликвид. | 5.225.984,00 | 8.194.292,00 | 7.621.229,00 | 8.827.493,00 | **29.868.998,00** |

**Приходот од минати години е намален,** бидејќи во овој приход во 2017 е вкалкулиран вонреден прилив на средства - од Министерството за финансии, по пресуда за одземени акции од Комерцијална банка во вкупен износ од **6.621.221,00** ден.

**Приходи по други основи** во износ од 1.075.400,00 ден. се однесува на побарувања по основ на пријава за кражба на специјално комунално возило.

## I.2. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ

Финансиските приходи за 2018 год.изнесуваат 6.588.668,50 ден. и во однос на 2017 год.- 20.174.269,00 ден. се намалени за 67,34%. Овие приходи се остварени по основ на:

| к-то | ОПИС | Остварено I-XII-2018 | стр. | Остварено I-XII-2017 | стр | Разлика | Инд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | | 3 | | 4(2-3)) | 5(2:3) |
| **775** | **Приходи по основ на поз.курсна разлика** | **55,00** | **0,00** | **859,00** | **0,00** | **-804,00** | **6,40** |
| 77400 | Приходи по основ на камати од работењето | 488,00 | 0,01 | 2.400,00 | 0,01 | -1.912,00 | **20,33** |
| 77401 | Приходи по основ на камати од домаќинство | 3.870.922,00 | 58,78 | 9.035.810,00 | 44,79 | -5.164.888,00 | **42,84** |
| 77403 | Приходи по основ на камати од тужени побар. | 2.707.380,00 | 41,11 | 10.858.729,00 | 53,82 | -8.151.349,00 | **24,93** |
| **774** | **Вкупно Приходи по основ на камати од работ.со неповр. друштва** | **6.578.790,00** | **99,90** | **19.896.939,00** | **98,63** | **-13.318.149,00** | **33,06** |
| **776** | **Прих. од дивиденди-РЖ Техничка контрола** | **6.100,00** | **0,09** | **6.100,00** | **0,03** | **0,00** | **100,00** |
| **779** | **Останати финан. приходи од работ.** | **409,00** | **0,01** | **270.371,00** | **1,34** | **-266.647,50** | **0,15** |
| | **Вкупно Финансиски приходи (1+2+3+4)** | **6.585.354,00** | **100** | **20.174.269,00** | **100** | **-13.588.915,00** | **32,64** |

Намалени **финансиските приходи за 13.588.915,00 ден,** а се по основ на наплатена камата за тужени побарувања и за ненавремено плаќање на доспеан долг. Согласно деловната политика на претпријатието, корисниците- правни и физички лица- кои целосно го подмируваат доспеаниот долг , се ослободуваат од плаќање камата .

Намалување од 57,16% или за 5.164.888,00 ден., има кај приходот по основ на фактурирана камата за тужени побарувања од домаќинство за сметки кои се изготвуваат преку ЈП Водовод и канализација.

Најголемо намалување од 75,07% или за 8.151.349,00 ден има кај приходот по основ на камати од тужени побарувања . Овие приходи се остварени по основ на наплатени камати од тужени правни и физички лица за сметки кои се изготвуваат преку ЈП Комунална хигиена.

Реално,овие приходи по основ на камати во однос на минатата година се зголемени, бидејќи во 2017 год. во овие приходи е искажана камата по пресуда за акции во износ од 10.346.487,00 ден која ни ја исплати Министерството за финансии.

.

# II.РАСХОДИ

Вкупните расходи за 2018 год. изнесуваат **1.171.153.857,00 ден**. и во однос на 2017 год. - **1.128.867.237,00** денари се **зголемени** за **42.286.620,00** денари односно за **3,75**%, а се резултат

| | ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ | Остварено I-XII-2018 | Стр. | Остварено I-XII-2017 | Стр. | Разлика | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I. | **Остварени расходи од работењето** | 1.170.953.357,00 | **99,98** | 1.128.848.660,00 | **99,998** | 42.104.697,00 | 103,73 |
| II. | **Остварени финансиски расходи** | 200.500,00 | **0,02** | 18.577,00 | **0,00** | 181.923,00 | 1.079,29 |
| | **Вкупно** | **1.171.153.857,00** | 100 | **1.128.867.237,00** | 100 | **42.286.620,00** | **103,75** |

## II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Расходите од работење 2018 год. изнесуваат 1.170.953.357,00 ден. и во однос на 2017 год. - 1.128.848.660,00 денари се зголемени за 42.104.697,00 денари односно за 3,73% . Ова зголемување се должи на:

- Зголемено вредносно усогласување на побарувања т.е. тужење пред се на две партии тужење на побарувањата од домаќинства остварени преку ЈП Водовод и канализација.
- Зголемени трошоци за ангажирани работници преку агенција за привремено вработување по основ на зголемен број на ангажирани работници за подолг временски период**.**
- Зголемени трошоци за исплата за правни, адвокатски и нотарски услуги, кои согласно законската регулатива се задолжителни при тужење и извршување.

Аналитички кај **расходите од работењето** во одделни категории на трошоци се забележуваат следните отстапувања:

1. Зголемени **трошоци за суровини и други материјали** за 13,78.**%**, кои произлегуваат од следните категории на трошоци:

| Опис | I-XII-2018 | I-XII-2017 | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| Потрошени суровини и материјали | 4,410,675.00 | 4,111,627.00 | 299,048.00 | 107.27 |
| Потр.мат.за тек.одрж. | 9,762,733.00 | 5,349,794.00 | 4,412,939.00 | 182.49 |
| Потрошена енергија | 52,150,032.00 | 45,853,112.00 | 6,296,920.00 | 113.73 |
| Потрошени резервни делови | 28,543,032.00 | 27,665,688.00 | 877,344.00 | 103.17 |
| Трошоци за ситен инвентар амбалажа и автогуми и ЛЗО | 21,625,779.00 | 19,407,768.00 | 2,218,011.00 | 111.43 |
| **Вкупно:** | **116,492,251.00** | **102,387,989.00** | **14,104,262.00** | **113.78** |

**- Зголемување на потрошени суровини и материјали од магацини за 299.048,00 ден.** по основ на трошокот за изработка на картички за контрола на работното време.

Потрошените суровини и материјали опфаќаат потрошени материјали, потрошени суровини, потрошен помошен материјал и потрошен канцелариски материјал .

- **Трошоците за материјали за тековно одржување** се зголемени за 82,49**%,** по основ на издадена храна за згрижени животни во стационар и замена на надземни дизајнирани садови за систем на подземни контејнери ,а минатата година нема трошок по овој основ **.** Овој трошок опфаќа потрошени материјали за тековно одржување на возила од магацин ( завртки, навртки, подлошки и др.), магацин за глицерин, магацин од кој се издадени вградените тркала за контејнери, средства за чистење и одржување на простории, храна за згрижени животни во стационар и др.

- Зголемена **потрошената енергија** за 13,73%, која произлегува од повисоката просечна цена на горивото- дизел, која од 43,15 ден/л.во 2017 год се зголеми на 52,52 ден/л., и зголемена потрошувачка на електрична енергија поради употреба на сопствениот систем на парно греење, прикажано во следната табела:

| ПОЗИЦИЈА | 2018 | 2017 | Разлика | Инд. |
|---|---|---|---|---|
| Потрошена електрич. енергија | 3.184.838,00 | 2.811.449,00 | 373.389,00 | 113,28 |
| Потрошена топлотна енергија | 0,00 | 367.016,00 | -367.016,00 | 0,00 |
| Потрошено гориво за лесни возила | 4.741.079,00 | 4.989.297,00 | -248.218,00 | 95,02 |
| Потрошено гориво со приватни коли за службени потреби | 85.077,00 | 179.259,00 | -94.182,00 | 47,46 |
| Потрошено гориво мазиво маг.7 | 5.252.559,15 | 5.397.386,04 | -144.826,89 | 97,32 |
| Потрошено гориво дизел маг.8 | 38.886.479,18 | 32.108.704,32 | 6.777.774,86 | 121,11 |
| **Вкупно потрошена енергија** | **52.150.032,33** | **45.853.111,36** | **6.296.920,97** | **113,73** |

Со помош на ГПС уредите во специјалните возилата, се следи трасата на движење утврдена согласно Програмата, при што се постигна заштеда во

потрошувачка на гориво а се ограничи и непотребното користење на лесните возила.

- **Зголемени трошоци за резервни делови за 877.344,00 ден односно за 3,17%,** Ако се има во предвид дека просечната старост на возилата е над 7 години во зависност од категоријата на возилата, неминовно произлегуваат овие повисоки трошоци за нивно одржување и секојдневно користење за исполнување на оперативната програма за работа.

### II.1.5. Зголемен трошок на ситен инвентар и лична заштитна опрема за 2.218.011,00 ден.

| ПОЗИЦИЈА | 2018 | 2017 | Разлика | Инд. |
|---|---|---|---|---|
| Потрошен ситен инвентар и ЛЗО | 14.293.600,99 | 11.203.913,00 | 3.089.687,99 | 127,58 |
| Трошоци за автогуми | 7.332.178,29 | 8.203.855,00 | -871.676,71 | 89,37 |
| **Вкупно** | 21.625.779,28 | 19.407.768,00 | 2.218.011,28 | 111,43 |

Обврската согласно законската регулатива, издавање на ЛЗО опрема за вработените, водејќи притоа сметка за заштита на животите на вработените од оперативата, финансиски се одрази на 27,58**%** повисоки трошоци на ситен инвентар и лична заштитна опрема

Во периодот I-XII-2018 год. трошокот на ситен инвентар и заштитна опрема е зголемен за 3.089.687,99 ден. заради повеќе издадена ЛЗО опрема на вработените и поголем трошок за канцелариски мебел.

Во 2018 год. повеќе издадено ЛЗО- летна облека за 1.253.016,41ден и поголем трошок за ново набавен канцелариски мебел за 1.223.748,99 ден.

## II.2. УСЛУГИ СО КАРАКТЕР НА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

Намалени се услугите за **4,18%,** кои ги користеше претпријатието од други правни лица, кои **услуги** се **со карактер на материјални трошоци** и се неопходни за оптимално функционирање на претпријатието

| Опис | I-XII-2018 | I-XII-2017 | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| Транспортни услуги | 7,337,722.00 | 7,219,659.00 | 118,063.00 | 101.64 |
| Услуги за тековно одржување | 20,030,373.00 | 26,207,238.00 | -6,176,865.00 | 76.43 |
| Наемнини | 13,224,538.00 | 14,566,397.00 | -1,341,859.00 | 90.79 |
| Останати услуги | 164,044,689.00 | 165,573,517.00 | -1,528,828.00 | 99.08 |
| **Вкупно:** | **204,637,322.00** | **213,566,811.00** | **-8,929,489.00** | **95.82** |

### II.2.1.Трошоците за транспортни услуги се зголемени за 118.063,00 ден.и се состојат од следните трошоци:

| К-то | Транспортни услуги | I-XII-2018 г. | I-XII-2017 г. | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 410 (41006,) | Такси превоз | 4.346,00 | 16.097,00 | -11.751,00 | 27,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 41100 | Трошоци за поштарина -писма | 5.029.341,00 | 4.989.647,00 | 39.694,00 | 100,80 |
| 41101 ,41110 | Трош.за фиксни телеф. | 538.655,00 | 379.874,00 | 158.781,00 | 141,80 |
| 41102 | Трош.за мобил. телеф. | 1.612.216,00 | 1.498.310,00 | 113.906,00 | 107,60 |
| 41109 | Трош.за одруж.на мрежа | 135.464,00 | 320.364,00 | -184.900,00 | 42,28 |
| 4119 | Др. Телекомуникац. услуги | 17.700,00 | 15.367,00 | 2.333,00 | 115,18 |
| | **Вкупно** | **7.337.722,00** | **7.219.659,00** | **118.063,00** | **101,64** |

Зголемување на поштенските трошоци во износ од 39.694,00 ден. е заради постапката на опоменување, утужување и достава на ИОС-и како законската обврска за усогласување на сметководствената состојба со корисниците на нашите услуги.

### II.2.2. Намалени услуги за тековно одржување за 6.176.865,00 ден

| К-то | Усл.за тековно одржување | I-XII-2018 г. | I-XII-2017 г. | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 41300 | Усл.за тек. Одрж. (поправ. на возила и др.) | 17.125.040,00 | 18.749.787,00 | -1.624.747,00 | 91,33 |
| 41302 | Трош За репар. контењер. | 804.000,00 | 4.365.197,00 | -3.561.197,00 | 18,42 |
| 41303 | Трош за одрж. раб. простории | 32.967,00 | 657.004,00 | - 624.037,00 | 5,02 |
| 41304 | Услуги-физичко обезбедување објекти | 77.036,00 | | 77.036,00 | |
| 41309 | Усл.архивирање на документација | 1.983.875,00 | 2.432.050,00 | - 448.175,00 | 81,57 |
| 412,4139 | Др. услуги за одрж. магнетни картички | 7.455,00 | 3.200,00 | 4.255,00 | 232,97 |
| | **Вкупно** | **20.030.373,00** | **26.207.238,00** | **-6.176.865,00** | **76,43** |

- **Услугите за тековно одржување** се однесуваат на услуги за тековно одржување - поправка на возила, трошоци за репарација на контејнери, трошоци за одржување на работни простории и трошоци за архивирање на документација. Трошокот за репарација на контејнери бележи најголемо намалување од 3.561.197,00 ден.,бидејќи претпријатието изврши замена на старите метални контејнери со нови. Намалување има и кај услугите за тековно одржување-поправка на возила за 8,67%.

**II.2.3. Трошоците за наемнина**, кои се однесуваат за наем на деловни простории и возило се намалија за 9,21%.

Наемнините за деловни простории се намалени бидејќи се раскинаа договорите од физичките лица за наем на деловни простории.

Трошоците за наем на возила се зголемени поради пристигнати фактури за наем на возило-влекач за период 12/2017-02/2018, согласно договорот за наем кој заврши со 02/2018 год.

| к-то | Наемнина | I-XII-2018 | I-XII-2017 | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 414 | наемнина за дел. простори | 9.849.192,00 | 11.073.192,00 | -1.224.000,00 | 88,95 |
| 41401 | наемнина за дел. простори од физички лица | 207.602,00 | 635.205,00 | -427.603,00 | 32,68 |
| 4144 | наем на градежни машини | 1.440.720,00 | | 1.440.720,00 | |
| 4147 | Наем на возила | 1.727.024,00 | 2.858.000,00 | -1.130.976,00 | 60,43 |
| | **ВКУПНО** | **13.224.538,00** | **14.566.397,00** | **-1.341.859,00** | **90,79** |

## 2. Намалени останати услуги за 1.528.828,00 ден.

| К-то | Останати услуги | I-XII-2018 г. | I-XII-2017 г. | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| **415-419** | **Останати трошоци** | **754.940,00** | **1.589.115,00** | **-834.175,00** | **47,51** |
| 41500,415000, 415001 | Трошоци за вода, ком.усл. | 723.360,00 | 414.696,00 | 308.664,00 | 174,43 |
| 4159 | Др.комун.услуги приклучок на дистрибутивна мрежа | 755,00 | 1.141.438,00 | -1.140.683,00 | 0,07 |
| 41501 | Трошоци за смет | 660,00 | 8.316,00 | -7.656,00 | 7,94 |
| 417 | Трош.за реклама и пропаганда | 30.165,00 | 24.665,00 | 5.500,00 | 122,30 |
| **419** | **Останати други услуги** | **163.289.749,00** | **163.984.402,00** | **-694.653,00** | **99,58** |
| 41902 | Надомест за јавни патишта | 753.661,00 | 864.684,00 | -111.023,00 | 87,16 |
| 41900. 41903 | Занаетч.услуги и др.услуги | 90.891,00 | 103.173,00 | -12.282,00 | 88,10 |
| 41905 41906 | Патарина,тр.за паркирање | 282.143,00 | 715.454,00 | -433.311,00 | 39,44 |
| 41909 | Ветеринарни услуги | 4.942.869,00 | 4.152.050,00 | 790.819,00 | 119,05 |
| 41912 | Трош.за депонирање | 103.979.875,00 | 102.133.082,00 | 1.846.793,00 | 101,81 |
| 41933 | услуги на контрола на квалитет и атестирање | 84.200,00 | | 84.200,00 | |
| 41901 41932 41939 | Регистрац. на возила, регист.таблици,тех. преглед | 93.623,00 | 257.789,00 | -164.166,00 | 36,32 |
| 41910,4194 | Печатарски услуги | 313.888,00 | 518.372,00 | -204.484,00 | 60,55 |
| 41941 | Усл.за фотокопирање | 25.374,00 | 10.717,00 | 14.657,00 | 236,76 |
| 41992 | ЈПВодовод плати | 17.370.885,00 | 16.675.360,00 | 695.525,00 | 104,17 |
| 41993 | ЈПВодовод материј.трош. | 35.333.684,00 | 38.535.065,00 | -3.201.381,00 | 91,69 |
| | Трошоци за печатење сметки и опомени | 1.365.138,00 | 3.192.295,00 | -1.827.157,00 | 42,76 |
| | Трош. за адвокати и извршители | 33.962.470,00 | 35.309.597,00 | -1.347.127,00 | 96,18 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Останати материј. трошоци | 6.076,00 | 33.173,00 | -27.097,00 | 18,32 |
| 41999 | Други услуги | 18.656,00 | 18.656,00 | 0,00 | 100,00 |
| **415,417,419** | **Вкупно** | **164.044.689,00** | **165.573.517,00** | **-1.528.828,00** | **99,08** |

**Останатите услуги** за оперативно работење се намалени за **1.528.828,00 ден односно за 0,92**%, што се должи на намалени материјални трошоци од ЈП Водовод и канализација .

- **Намалени материјалните трошоци фактурирани од страна на** ЈП Водовод и канализација за 3.201.381,00 ден, односно за 8,31%. Префактурираните материјални трошоци се по основ на заедничко изготвување на сметки, достава на опомени и утужување на доспеани побарувања од домаќинства. Намалени се трошоците за адвокати, нотари и извршители од заедничко утужување на сметки .

-Трошоците за исплатени плати за 40 вработени во ЈП Водовод и канализација се зголемени за 4,17%.

**-** Во оваа група на трошоци има зголемување и кај **трошоците за депонирање на отпад** од 1.846.793,00 денари, односно за 1,81% , поради поголема количина на депониран отпад за 2.488 тони (2018г-152.645 тони ;2017г.- 150.197 тони)

| ПОЗИЦИЈА | **2018** | **2017** | **Разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| Трошоци за депонирање | 103.979.875,00 | 102.133.082,00 | 1.846.793,00 | 101,81 |

Во 2018 год.трошоците за депонирање изнесуваат 103.979.875,00 ден. и се по основ на депониран отпад и шут. Во 2017 год.трошоците за депонирање изнесуваат 102.133.082,00 ден.

Преглед
За депониран и фактуриран отпад I-XII-2018 год.споредено со 2017 год.

| **позиција** | **I-XII-2018год.** | | **I-XII-2017год.** | |
|---|---|---|---|---|
| | **тони** | **износ ( ден.)** | **тони** | **износ (ден.)** |
| Трошоци депониран отпад | 152.645,00 | 103.799.039,00 | 150.197,00 | 102.133.082,00 |
| Трошоци депониран шут | 800,64 | 180.836,00 | | |
| **Вкупно** | **153.445,64** | **103.979.875,00** | **150.197,00** | **102.133.082,00** |

## II. 3. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО

| k-то | Опис | 2018 год. | 2017 год. | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 442 | Персонален данок по разни основи | 289,263.00 | 376,648.00 | -87,385.00 | 76.80 |
| 442 | Надомест на членови од Управен Одбор и Надзорен Одбор | 1,662,071.00 | 1,944,819.00 | -282,748.00 | 85.46 |
| 443.444 | Трошоци за репрезентација и спонзорство | 1,000,283.00 | 2,624,345.00 | -1,624,062.00 | 38.12 |
| 445 | Премии за осигурување | 1,438,835.00 | 1,341,848.00 | 96,987.00 | 107.23 |
| 446 | Банкарски услуги | 7,500,203.00 | 5,874,794.00 | 1,625,409.00 | 127.67 |
| 447 | Даноци, придонеси, член. | 539,672.00 | 759,440.00 | -219,768.00 | 71.06 |
| 448 | Надомест за лиценци | 88,000.00 | 4,600.00 | 83,400.00 | 1,913.04 |
| 44900 | Смет.и финан.правни, нотар, превод преписи,вештачење | 22,724,480.00 | 14,632,864.00 | 8,091,616.00 | 155.30 |
| 44907 | Трошоци за суд.такси | 2,806,896.00 | 1,840,258.00 | 966,638.00 | 152.53 |
| 44909 | Услуги за изнајмени возила | | 0.00 | 0.00 | |
| 44910 | Трош.услуги од АПВ | 86,215,611.00 | 62,896,529.00 | 23,319,082.00 | 137.08 |
| 44913 | Трош.за отпремн.на враб. АПВ | 71,082.00 | 139,008.00 | -67,926.00 | 51.14 |
| 44912 | Трош. Записничар | 0.00 | 55,000.00 | -55,000.00 | 0.00 |
| 44930,31, 32,33 | Трош.за дневен печат, струч.списанија,објавув. огласи | 426,199.00 | 371,157.00 | 55,042.00 | 114.83 |
| 44911 | Остан.Здравствени услуги | 1,389,100.00 | 1,751,800.00 | -362,700.00 | 79.30 |
| 44990 | Трош.за технички преглед | 129,803.00 | 105,589.00 | 24,214.00 | 122.93 |
| | **Вкупно:** | **126,281,498.00** | **94,718,699.00** | **31,562,799.00** | **133.32** |

Останатите трошоци од работењето за 2018 год. во однос на 2017 год. се зголемени за 31.562.799,00 денари.

Зголемувањето се должи на:

**Зголемени** трошоци за сметководствени и финансиски услуги, исплатите за правни, адвокатски и нотарски услуги и услуги за вештачење за 8.091.616,00 ден.

| конто | Опис | I-XII-2018 | I-XII-2017 | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 44900 | Ост.интелек.услуги | 696.918,00 | 1.207.643,00 | -510.725,00 | 57,71 |
| 44902 | Правни адвокат.и нотарски услуги | 18.626.493,00 | 12.993.208,00 | 5.633.285,00 | 143,36 |
| 44903 | Трош.за услуги за ревизија и проценка | 97.000,00 | 155.000,00 | -58.000,00 | 62,58 |
| 44904 | Услуги за преписи и преводи | 14.100,00 | 50.370,00 | -36.270,00 | 27,99 |
| 44905 | Трошоци за вештачење | 16.000,00 | 53.200,00 | -37.200,00 | 30,08 |
| 44906 | Трош. за судски извршители | 3.273.969,00 | 173.443,00 | 3.100.526,00 | 1.887,63 |
| | **Вкупно:** | **22.724.480,00** | **14.632.864,00** | **8.091.616,00** | **155,30** |

**Зголемени трошоците за времено ангажираните вработени преку агенцијата Мотиви за 23.319.082,00 ден**. заради зголеменен број на времено ангажирани вработени**.** Просечниот број на времено ангажирани работници во периодот I-XII-2018 год. изнесува 279 работници ( 2017 год – 224 работници) и во однос на 2017 год е поголем за 55 работници.

Бројот на времено ангажираните лица е зголемен како последица на намалениот број на редовно вработените лица - 45 во 2017 год. и 48 работника во 2018 год., кои се заминати по разни основи но во најголем дел по основ на старосна пензија. За да може непречено да се извршуваат работните задачи на веќе заминатите работници како и обука и прилагодување за работните места кои се испразнети во текот на 2017/2018 година, се наметна потребата за времено ангажирање на овие лица.

**Зголемени банкарски услуги за 27,67% .** Банкарските услуги и трошоци на платен промет опфаќаат трошоци за банкарски услуги, услуги од централен и трговски регистар, провизија и банкарски услуги за движење на сметките и трошоци по опомена. Во овие услуги е евидентирана и провизија за вработени преку АПВ, која е поголема заради поголем број на времено ангажирани лица.

- намалување има кај **трошоците за исплатен персонален данок** по разни основи бидејќи се раскинаа договорите за наем на деловен простор од физички лица и не се исплаќа надомест за записничар;

- намален е исплатениот износ за **надомест на членови на Управен и Надзорен** одбор за 14,54% заради ненавремено назначување на членови во овие одбори;

- намалени **трошоци за здравствени прегледи** на вработените за 20,70 % Овие трошоци се по основ на извршени систематски преглед на вработените во администрација, согласно Законските одредби прегледите се вршат на секои две години.

- Со особено внимание се трошеа средствата по основ на **репрезентација** кои бележат **намалување за 1.624.062,00 ден**. т.е. за 61,88%, а само за угостителски услуги трошоците се намалени за 47,42%.

## .II. 4.ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

**Трошоци за вработени** ги опфаќаат нето платите и надоместоците за редовно вработените лица, персоналниот данок од плати и придонесите за: здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и за вработување како и за ангажираните лица за спроведување на програмата за дополнителни активности. Споредено со 2017 година истите се намалени за 8.368.914,00 ден., односно за 1,76% заради намален број на редовно вработени.

Во овие трошоци влегуваат и останатите трошоци за вработените-отпремнина за одење во пензија, помош во случај на смрт на вработен или на член на потесно семејство, надомест за непрекинато боледување од 6 месеци, други надоместоци на вработени, патни трошоци за службени патувања и надомест за месечни карти за вработени кои за извршување на работните задачи мора да го користат јавниот превоз. Исплатата на овие трошоци се

врши согласно важечката законска регулатива и истите се зголемени за 18,04%.

| ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ | I-XII-2018 | I-XII-2017 | разлика | инд. |
|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци на плата(нето) | 317.072.103,00 | 322.146.902,00 | -5.074.799,00 | **98,42** |
| Трошоци за даноци на плати и надомест на плати | 64.603.402,00 | 66.179.200,00 | -1.575.798,00 | **97,62** |
| Придонеси од задолжително социјално осигурув. | 80.974.519,00 | 83.472.552,00 | -2.498.033,00 | **97,01** |
| Останати трошоци за вработените | 5.101.477,00 | 4.321.761,00 | 779.716,00 | **118,04** |
| **Вкупно:** | **467.751.501,00** | **476.120.415,00** | **-8.368.914,00** | **98,24** |

| РЕДОВНО ВРАБОТЕНИ | I-XII-2018 | I-XII-2017 | разлика | инд. |
|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци на плата(нето) | 302.062.635,00 | 311.785.698,00 | -9.723.063,00 | **96,88** |
| Трошоци за даноци на плати и надомест на плати | 62.936.090,00 | 65.027.955,00 | -2.091.865,00 | **96,78** |
| Придонеси од задолжително социјално осигурув. | 80.121.482,00 | 82.715.039,00 | -2.593.557,00 | **96,86** |
| Останати трошоци за вработените | 5.101.477,00 | 4.321.761,00 | 779.716,00 | **118,04** |
| **Вкупно:** | **450.221.684,00** | **463.850.453,00** | **-13.628.769,00** | **97,06** |

| АНГАЖИРАНИ ЛИЦА СО ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ ДЕЈНОСТИ | I-XII-2018 | I-XII-2017 | разлика | инд. |
|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци на плата(нето) | 15.009.468,00 | 10.361.204,00 | 4.648.264,00 | **144,86** |
| Трошоци за даноци на плати и надомест на плати | 1.667.312,00 | 1.151.245,00 | 516.067,00 | **144,83** |
| Придонеси од задолжително социјално осигурув. | 853.037,00 | 757.513,00 | 95.524,00 | **112,61** |
| Останати трошоци за вработените | | | 0,00 | |
| **Вкупно:** | **17.529.817,00** | **12.269.962,00** | **5.259.855,00** | **142,87** |

**- Трошоците за редовно вработени се намалени за 13.628.769,00 ден.** заради намален број на редовно вработени. Според платните списоци просечниот број на редовно вработени по работни места во 2018 год. изнесува

1.071 работници и споредени со 2017 год.- 1.112 работници бележи намалување за 41 работник односно за 3,66%.

- Трошоците за ангажираните лица за спроведување на Програмата за дополнителни активности за одржување на јавната чистота на подрачјето на град Скопје во 2018 год.се зголемени за 5.259.855,00 ден, односно за 42,87%. Зголемувањето е по основ на зголемена месечна плата на ангажираните лица согласно Законот за минимална плата во РМ (Сл.весник на РМ бр.132/2017 год.). и заради подолг период на ангажирани лица во однос на минатата година. Во 2018 год бројот на ангажирани работници изнесуваше 141 работник во периодот април – декември, а во 2017 год. просечно месечно беа ангажирани 146 лица во периодот мај – декември.

Останатите трошоци за вработените се зголемени за 779.716,00. ден.

| К-то | Останати трошоци за вработените | I-XII-2018 | I-XII-2017 | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 42200 | Отпр.За одење пензија | 2.493.827,00 | 2.104.884,00 | 388.943,00 | 118,48 |
| 42280 | Помош во случај на смрт | 376.530,00 | 861.693,00 | -485.163,00 | 43,70 |
| 42283 | Над.за непрекин. боледување над 6 мес. | | 67.830,00 | -67.830,00 | 0,00 |
| 440 | Патни тр.за сл.пат.во земја и странство | 250.919,00 | 108.823,00 | 142.096,00 | 230,58 |
| 441 | Надомест на вработени за мес. возни карти,неповратни пар.сред., стручно образован, др.трошоци на вработени | 1.980.201,00 | 1.178.531,00 | 801.670,00 | 168,02 |
| | **вкупно** | **5.101.477,00** | **4.321.761,00** | **779.716,00** | **118,04** |

## II.5. АМОРТИЗАЦИЈА НА МАТЕРИЈАЛНИ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

**Амортизација на материјални и нематеријални средства** се врши согласно законската регулатива и сметководствените политики на претпријатието. Трошоците по овој основ се намалени за 5,68% како резултат на изамортизирани средства споредено со 2017 година.

## II.6. ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ

Вредносното усогласување на краткорочните побарувања за период I - XII/ 2018 година изнесуваат 156.318.625,00.денари што во однос на 2017 год.- 146.105.882,00 денари, се зголемени за 10.212.743,00 денари и се однесуваат на вредносното усогласување на краткорочните побарувања во земјата. Во 2018 год., менаџерскиот тим се одлучи со превземање на низа активности,

контакти и опомени на правните лица, се со цел да се избегнат и намалат трошоците што произлегуваат од постапката за утужување, со кои се оптоваруваат и корисниците.

| К-то | ОПИС | I-XII-2018 г. | I-XII-2017 г. | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| к-то 4530 | Вред.усогл.на матер.сред. | | 574.993,00 | -574.993,00 | 0,00 |
| **к-то 453** | **Вкупно** | **0,00** | **574.993,00** | **-574.993,00** | 0,00 |
| 45500 | Вредносно усогласување на стечај и ликвидација | 1.351.603,00 | 5.159.643,00 | -3.808.040,00 | 26,20 |
| 45501 | Вредносно усогласување на тужени побар. | 137.664.684,50 | 127.534.740,00 | 10.129.944,50 | 107,94 |
| 45502 | Вредносно усогласување на нетужени побрувања | 17.126.364,50 | 11.001.820,00 | 6.124.544,50 | 155,67 |
| **к-то 455** | **Вкупно** | **156.142.652,00** | **143.696.203,00** | **12.446.449,00** | 108,66 |
| 4560 | Вред.усогл.на залихите на суровини и матер. | 3.747,00 | 38.533,00 | -34.786,00 | 9,72 |
| 4561 | Вред.усогл.на резервни делови | 172.226,00 | 1.752.839,00 | -1.580.613,00 | 9,83 |
| 4562 | Вред.усогл.на залихите на ситен инвентар | | 43.314,00 | -43.314,00 | 0,00 |
| **к-то 456** | **Вкупно** | **175.973,00** | **1.834.686,00** | **-1.658.713,00** | **9,59** |
| | **Вкупно** | **156.318.625,00** | **146.105.882,00** | **10.212.743,00** | **106,99** |

Согласно сметководствените политики намалувањето на вредноста на побарувањата се спроведува задолжително кога должникот е во постапка на стечај или ликвидација. Вредноста на побарувањата се намалува за исправката за сомнителни и спорни побарувања, односно за вредносното усогласување на побарувањата според рочната структура.

Побарувањата од правни лица се вреднуваат: до 1 (една) година се вреднуваат 100% од номиналниот износ.

Побарувањата од правни лица се вреднуваат: од 1 (една) до 2 (две) години се вреднуваат 75% од номиналниот износ

Побарувањата од правни лица се вреднуваат: од 2 (две) до 3 (три) години се вреднуваат 50% од номиналниот износ

Според рочноста а во согласност со Законот за облигациони односи (Службен весник на РМ” 18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09 и 161/09 и Уставен суд 78/01, 59/02) побарувањата застаруваат:

- од правни субјекти во рок од 3 (три) години
- од физички лица во рок од 1 (една) година

## III. 7. ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

**Останатите расходи од работењето** се зголемени за 8.942.039,00 ден.и се однесуваат на:

| к-то | Опис | I-XII-2018 | I-XII-2017 | разлика | инд. |
|---|---|---|---|---|---|
| 460 | Неотпишана вр.на отуѓени сред. | 1,730,502.00 | 13,341.00 | 1,717,161.00 | 12971.31 |
| 468 | Казни,пенали штети над. за враб.и по судско решение | 142,654.00 | | 142,654.00 | |
| 469 | Допол.утврдени трошоци | 7,683,147.00 | 600,923.00 | 7,082,224.00 | 1278.56 |
| | **Вкупно:** | **9,556,303.00** | **614,264.00** | **8,942,039.00** | **1555.73** |

Дополнително утврдените трошоци во износ од 7.683.147,00 ден.се по основ на спорови по пресуди за надомест на штета од каснување на куче во износ од 3.547.760,00 и главен долг од 3.400.000,00 денари и 694.388,00 на име камата се исплатени по пресуда за надомест на нематеријална штета за претрпени душевни болки поради смрт на блиско лице

II. **Финансиските расходи** се зголемени за 181.923,00 денари и се по основ на камати за задоцнето подмирување на обврските .

| Опис | I-XII-2018 | I-XII-2017 | разлики | индекс |
|---|---|---|---|---|
| Камати од работењето со неповрзани субјекти | 200,481.00 | 17,747.00 | 182,734.00 | 1129.66 |
| Негативни курсни разлики-девизна | | 830.00 | -830.00 | 0.00 |
| Затезна камата | 19.00 | | 19.00 | |
| **Вкупно** | **200,500.00** | **18,577.00** | **181,923.00** | **1079.29** |

## V. ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ

Како резултат на остварените поголеми приходи во однос на остварени расходи за 2018 год. претпријатието има остварено добивка пред оданочување во износ од 25.194.761,00 денари.

## VI. НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА

ЈП Комунална хигиена – Скопје за 2018 год.оствари **Нето добивка во износ од 22.224.537,00 денари** како резултат на Добивката пред оданочување во износ од 25.194.761,00 ден. и пресметаниот данок од добивка во износ од 2.970.224,00 денари.

ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА - СКОПЈЕ
NP HIGIJENA KOMUNALE - SHKUP

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА 31.12.2018

| К-то | ПОЗИЦИЈА | 2018 | стр. | 2017 | стр. | Разлика | Инд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | **АКТИВА** | **1.104.205.440,00** | **100,00** | **1.222.859.179,00** | **100,00** | **-118.653.739,00** | **90,30** |
| **1.** | **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **769.632.610,00** | 69,70 | **831.075.226,00** | **67,96** | **-61.442.616,00** | **92,61** |
| 008 030 | НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 7.499.576,00 | 0,68 | 3.779.531,00 | 0,31 | **3.720.045,00** | **198,43** |
| 010-019 | МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 759.259.756,00 | 68,76 | 824.422.417,00 | 67,42 | **-65.162.661,00** | **92,10** |
| 030-039 | ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | 2.873.278,00 | 0,26 | 2.873.278,00 | 0,23 | **0,00** | **100,00** |
| **2.** | **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **334.207.453,00** | 30,27 | **388.524.032,00** | **31,77** | **-54.316.579,00** | **86,02** |
| кл.3 кл.6 | ЗАЛИХИ | 21.774.322,00 | 1,97 | 15.351.022,00 | 1,26 | **6.423.300,00** | **141,84** |
| кл.12 - кл.15 | ПОБАРУВАЊА | 289.081.742,00 | 26,18 | 312.544.208,00 | 25,56 | **-23.462.466,00** | **92,49** |
| кл.10 | ПАРИЧНИ СРЕДСТВА | 23.351.389,00 | 2,11 | 60.628.802,00 | 4,96 | **-37.277.413,00** | **38,52** |
| **3.** | **ПЛАТЕНИ ТРОШ. ЗА ИДЕН ПЕРИОД-ПРЕСМ. ПРИХОДИ (АВР)** | **365.377,00** | 0,03 | **3.259.921,00** | **0,27** | **-2.894.544,00** | **11,21** |

Во **Извештајот за финансиска состојба**, ***активата*** на претпријатието, во која влегуваат нетековните средства, тековните средства и пресметаните приходи за идни периоди, е намалена за 9,70**%**.

- најголемо намалување се забележува кај ***нетековните средства*** и тоа од 7,39% а се должи на помали инвестиции во нови средства во оваа година и на пресметаната амортизацијата на нематеријалните и материјалните средства согласно законската регулатива и сметководствените политики на претпријатието;

**А. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА се намалени за 61.442.616,00 ден,односно за 7,39% како резултат на намалени материјални средства.**

# I. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| ОПИС | ПАТЕНТИ | ГУДВИЛ | СОФТВЕР | ОСТАНАТИ | ВО ПОДГ. | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **НАБ.ВРЕДНОСТ** | | | | | | |
| САЛДО НА 01.01.2018 | 0 | 0 | **8.963.317** | **170.000** | **0** | **7.339.317** |
| НАБАВКИ | | | 5.314.883 | | | |
| РАСХОД | | | | | | 0 |
| САЛДО НА 31.12.2018 | 0 | 0 | **14.278.200** | **170.000** | **0** | **14.448.200** |
| **ИСПРАВКА НА ВРЕДНОСТ** | | | | | | |
| САЛДО НА 01.01.2017 | **0** | **0** | **5.183.786** | **170.000** | **0** | **4.543.370** |
| АМОРТИЗАЦИЈА | | | 1.594.838 | | | 1.594.838 |
| РАСХОД | | | | | | |
| САЛДО НА 31.12.2018 | **0** | **0** | **6.778.624** | **170.000** | **0** | **6.948.624** |
| НЕТО СМЕТ.ВР.НА 31.12.2018 | **0** | **0** | **7.499.576** | **0** | **0** | **7.499.576** |
| НЕТО СМЕТ.ВР.НА 01.01.2018 | 0 | 0 | 3.779.531 | 0 | 0 | 3.779.531 |
| **НАБ.ВРЕДНОСТ** | | | | | | |
| САЛДО НА 01.01.2017 | **0** | **0** | **7.169.317** | **170.000** | **0** | **7.339.317** |
| НАБАВКИ | | | 1.794.000 | | | |
| РАСХОД | | | | | | 0 |
| САЛДО НА 31.12.2017 | 0 | 0 | **8.963.317** | **170.000** | **0** | **9.133.317** |
| **ИСПРАВКА НА ВРЕДНОСТ** | | | | | | |
| САЛДО НА 01.01.2017 | 0 | 0 | 4.373.370 | 170.000 | 0 | 4.543.370 |
| АМОРТИЗАЦИЈА | | | 810.416 | | | 810.416 |
| РАСХОД | | | | | | |
| САЛДО НА 31.12.2017 | **0** | **0** | **5.183.786** | **170.000** | **0** | **5.353.786** |
| НЕТО СМЕТ.ВР.НА 31.12.2017 | **0** | **0** | **3.779.531** | **0** | **0** | **3.779.531** |
| НЕТО СМЕТ.ВР.НА 01.01.2017 | 0 | 0 | 2.795.947 | 0 | 0 | 2.795.947 |

Нематеријалните средства на 31.12.2018 год. изнесуваат. **7.499.576,00 ден.** (31.12.2017г.- **3.779.531,00** ден.) се зголемени за 3.720.045,00 ден, односно за 98,43%.

Во текот на 2018 година извршено е инвестиционо вложување во софтвер во вредност од 5.314.883,00 денари.

## II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| ОПИС | ЗЕМЈИШТЕ | ГРАДЕЖНИ | ОПРЕМА | АЛАТ, ИНВЕНТАР, ТРАНС.СРЕД | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **НАБ.ВРЕДНОСТ** | | | | | |
| САЛДО НА 01.01.2018 | **680.348** | **518.374.307** | **151.271.229** | **754.791.727** | **1.425.117.611** |
| НАБАВКИ | | 100.240 | 15.318.510 | 10.124.178 | 25.542.928 |
| РАСХОД | | 0 | 1.629.764 | 19.192.944 | 20.822.708 |
| САЛДО НА 31.12.2018 | **680.348** | **518.474.547** | **164.959.975** | **745.722.961** | **1.429.837.831** |
| **ИСПРАВКА НА ВРЕДНОСТ** | | | | | |
| САЛДО НА 01.01.2018 | 0 | **55.599.074** | **49.223.717** | **495.872.404** | **600.695.195** |
| ДЕПРЕЦИЈАЦИЈА | | 12.957.361 | 19.640.900 | 55.722.758 | 88.321.019 |
| РАСХОД | | 0 | 921.976 | 17.516.163 | 18.438.139 |
| САЛДО НА 31.12.2018 | **0** | **68.556.435** | **67.942.641** | **534.078.999** | **670.578.075** |
| НЕТО СМЕТ.ВР.НА 31.12.2018 | **680.348** | **449.918.112** | **97.017.334** | **211.643.962** | **759.259.756** |
| НЕТО СМЕТ.ВР.НА 01.01.2018 | **680.348** | **462.775.233** | **102.047.512** | **258.919.323** | **824.422.416** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **НАБ.ВРЕДНОСТ** | | | | | |
| САЛДО НА 01.01.2017 | 680.348 | 523.262.997 | 146.566.459 | 751.703.413 | 1.422.213.217 |
| НАБАВКИ | | 10.343.890 | 5.995.306 | 6.024.158 | 22.363.354 |
| РАСХОД | | 15.232.580 | 1.290.536 | 2.935.844 | 19.458.960 |
| САЛДО НА 31.12.2017 | **680.348** | **518.374.307** | **151.271.229** | **754.791.727** | **1.425.117.611** |
| **ИСПРАВКА НА ВРЕДНОСТ** | | | | | |
| САЛДО НА 01.01.2017 | 0 | 48.583.428 | 31.076.152 | 436.155.845 | 515.815.425 |
| ДЕПРЕЦИЈАЦИЈА | | 12.813.713 | 19.424.759 | 62.652.403 | 94.890.875 |
| РАСХОД | | 5.798.067 | 1.277.194 | 2.935.844 | 10.011.105 |
| САЛДО НА 31.12.2017 | **0** | **55.599.074** | **49.223.717** | **495.872.404** | **600.695.195** |
| НЕТО СМЕТ.ВР.НА 31.12.2017 | **680.348** | **462.775.233** | **102.047.512** | **258.919.323** | **824.422.416** |
| НЕТО СМЕТ.ВР.НА 01.01.2017 | **680.348** | **474.679.569** | **115.490.307** | **315.547.568** | **906.397.792** |

## МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

**Материјални средства** се намалени за 7,9% .

- **Недвижностите** се намалени за 2,74% заради тековната амортизација.

- **Намалени градежни објекти** за **12.607.014,00 ден**, односно за 2,74 %.
- **Постројки и опрема се намалени** за **5.030.179,00 ден**, односно за 4,93%
-**Транспортните средства** бележат најголемо **намалување за 44.470.605,00 ден**, односно за 18,68.% заради пресметаната амортизацијата и спроведениот расход на неупотребливите транспортни средства за понатамошно користење.
- **Алатот, погонски и канцелариски инвентар и мебел е намален за 2.804.756,00**ден., односно за 13,41% како резултат на расходована ИТ-опрема.
- **Останатите материјални средства се намалени за 250.107,00 ден.**

**IV. Долгорочните финансиски средства** во 2018 година изнесуваат 2.873.278,00ден. и во однос на 2017 год. се непроменети. Овие финансиски средства се однесуваат на вложувања во долгорочни хартии од вредност ( обични акции), стекнати по пат на пријавени стечајни побарувања.

**Б. ТЕКОВНИТЕ СРЕДСТВА се намалени за 54.316.579,00 ден.**односно за **13,98%** како резултат на намалени побарувања од купувачите и намалени парични средства на сметките со кои располага претпријатието.

**I. Залихите се зголемени за 6.423.300,00 ден., односно за 41,84%**

| к-то | О П И С | 2018 | 2017 | Разлики | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 310 | Материјали на залиха | 2.556.694 | 2.486.372 | 70.322 | 102,83 |
| 320 | Резервни делови на залиха | 9.131.886 | 8.881.667 | 250.219 | 102,82 |
| 350 | Ситен инвентар на залиха | 9.270.926 | 3.390.635 | 5.880.291 | 273,43 |
| 351 | Ситен инвен.во употреба | 44.351.275 | 41.906.176 | 2.445.099 | 105,83 |
| 354 | Автогуми за спец.воз.и леки коли | 796.541 | 590.305 | 206.236 | 134,94 |
| 358 | Вред.усогл.на сит.инв.и автогуми | -44.351.274 | -41.906.176 | -2.445.098 | 105,83 |
| 660 | Стоки на залиха | 18.273 | 2.042 | 16.231 | 894,88 |
| | **Вкупно** | **21.774.322** | **15.351.021** | **6.423.301** | **141,84** |

Најголемо зголемување во залихите има кај ситниот инвентар на залиха што се должи на набавени а сѐ уште не издадени зимска ЛЗО за вработените и 950 корпи за отпадоци со состојба на 31.12.2018 година.

**II. Краткорочните побарувања се намалени за 23.462.466,00 ден,** односно за **7,51.%.**

**II.1. Побарувањата од купувачи се намалени за 10.411.096,00 ден**, односно за .3,61% .

